Пречистен текст: Ги опфаќа службен весник на РМ број 149/07, број 110/11 и број 117/14 , 14/17, 49/17, 203/18, 275/19, 52/20

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 1 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/2006, 06/09, 145/12 и 41/14, 33/15,31/16,, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18, 294/21, 89/22), министерот за внатрешни работи донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ РАБОТИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на полициските работи од страна на полициските службеници.

Член 2

Полициските службеници во вршењето на полициските работи остваруваат меѓусебна соработка и координација на активностите кои ги преземаат со овластените службени лица при нивното заедничко дејствување, укажуваат меѓусебна стручна и друга помош и постапуваат на начин со кој се обезбедува навремено, успешно и целосно извршување на полициските работи.

Член 3

Полициските службеници во остварувањето на контактите со граѓаните секогаш се
легитимираат кога полициските овластувања ги вршат во цивилна облека, а по барање на граѓаните кога полициските работи ги вршат во униформа.

Легитимирањето од став 1 на овој член полицискиот службеник го врши со покажување на службената легитимација на граѓанинот, а личното име и организациона единица на Полицијата во која работи полицискиот службеник ги соопштува усно, ако граѓанинот тоа го бара.

II. ПРИМЕНА НА ПОЛИЦИСКИ ОВЛАСТУВАЊА

1. Проверка и утврдување на идентитет на лица и предмети

Член 4

Проверка и утврдување на идентитет на лица и предмети се врши во случаи утврдени со закон.

1.1. Проверка на идентитет на лице

Член 5

Проверка на идентитет на лице претставува службено дејствие кое го преземаат полициските службеници заради утврдување на правните, стварните и телесните обележја на едно лице кои го разликуваат од други лица, во случај кога постојат причини, услови или основи за нивно доведување во врска со сторено казниво дело или кога е тоа потребно за остварување на одредени права на други субјекти во постапка утврдена со закон.

Проверката на идентитетот од став 1 на овој член, полицискиот службеник ја врши преку непосреден увид во неговата лична карта, патна исправа, возачка дозвола или друга јавна исправа со негова фотографија, за што изготвува службена белешка за проверка на идентитет на лице.

Службената белешка од ставот 2 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; полицискиот службеник кој ја извршил проверката (име, презиме и назив на организациска единица); датум, време, место и адреса каде е извршена проверка на идентитет на лице; причини за проверка на идентитетот; начин на кој е извршена проверката; број на јавната исправа и орган кој ја издал јавната исправа врз основа на која е извршена проверката; податоци за лицето на кое му е извршена проверка на идентитетот (име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот - ЕМБГ, ден, месец и година на раѓање, место и држава на раѓање, место и адреса на живеалиште, односно престојувалиште), дали лицето се бара/не се бара согласно евиденциите за лица и

предмети по кои се трага, како и за лица на кои им е забранет влез во Република Македонија; дали по проверката на идентитетот лицето било приведено, лишено од слобода или предадено на надлежен суд или во полициска станица за натамошна постапка; превозното средство доколку е користено од лицето на кое му е извршена проверка на идентитет (вид, марка и број на регистарски таблици) и место за потпис на полицискиот службеник кој ја извршил проверката на идентитетот (Образец бр. 1).

Проверка на идентитет на лице кое не поседува јавна исправа согласно закон, може да се изврши и со увид во други исправи со негова фотографија.

Проверка на идентитет на лице кое кај себе нема јавна исправа од став 2 на овој член може да се изврши и врз основа на веродостоен исказ од лице чиј идентитет е познат и проверен од страна на полицискиот службеник кој ја врши проверката.

1.2 Утврдување на идентитет на лице

Член 6

Утврдување на идентитет на лице претставува постапка за докажување на правните, стварните и телесните обележја на едно лице кои го разликуваат од други лица, во случај кога постојат причини, услови или основи за нивно доведување во врска со сторено казниво дело или кога е тоа потребно за остварување на одредени права на други субјекти во постапка утврдена со закон.

Утврдувањето на идентитетот од став 1 на овој член се врши на познато и непознато лице.

Утврдување на идентитет на познато лице се врши во случај кога е потребно да се обезбедат негови лични податоци, заради поднесување на кривична пријава или барање за поведување на прекршочна постапка против него, како и по барање на физички или правни лица заради остварување на одредени нивни права.

Утврдување на идентитет на непознато лице се врши во следните случаи:

- кога неговиот идентитет не може да се утврди согласно член 5 ставови 2,4 и 5 на овој правилник;
- кога постои сомневање во веродостојноста на исправите или исказот од член 5 ставови 2,4 и 5 на овој правилник и
- по барање на суд, јавен обвинител или друг надлежен државен орган.

Идентитет се утврдува и на леш на непознато лице.

Член 7

Утврдување на идентитет на лице се врши со увид во матичните книги за водење на матичната евиденција, како и со користење на методи и средства на криминалистичка тактика и техника, медицински или други соодветни вештачења, кои опфаќаат:

- земање на отпечатоци од папиларните линии и нивна споредба со отпечатоците на постојната евиденција во Полицијата;
- фотографирање на лицето и споредба на фотографијата со постојната евиденција на фотографирани лица;
- изјави или искази од лица кои може непосредно да го препознаааат лицето со негово покажување на фотографија или со негово препознавање или препознавање на неговата облека, обувки и други предмети кои можат да послужат за утврдување на идентитетот;
- давање личен опис на лицето;
- утврдување на структурата на ДНК и
- други расположливи методи (суперпозиција, вештачење на потпис и ракопис, анализа на глас, забна формула и друго).

Постапките утврдени во став 1 алинеи 1, 5 и 6 на овој член може да се применуваат при утврдување на идентитет на лице за кое не постојат основи на сомневање дека е сторител на казниво дело, само врз основа на негова писмена согласност за нивна примена.

Полициискиот службеник пред давање на писмената согласност од став 2 на овој член, на лицето му

ги образложува причините поради кои е потребно утврдување на неговиот идентитет.

1.3. Утврдување на идентитет на предмет

Член 8

Со утврдување на идентитет на предмет се утврдуваат обележјата и својствата на предметот по кои тој се разликува од други истоветни предмети, односно се утврдува односот помеѓу лицето или настанот и предметот.

Член 9

Полицискиот службеник ќе побара од лицето кое учествува во постапката за утврдување на идентитет на предмет согласно закон, да го опише предметот и да ги наведе неговите обележја и својства.

Полицискиот службеник, по дадениот опис на предметот од став 1 на овој член, ќе му го покаже на лицето предметот на кој му се утврдува идентитетот, по можност заедно со други истоветни предмети, со цел истиот да го препознае.

Член 10

Полицискиот службеник за случаите од член 7 став 1 алинеја 3 и член 9 став 2 на овој правилник, изготвува записник.

Записникот од став 1 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот; датум кога е извршено препознавање на лицето или предметот; име и презиме на полицискиот службеник и назив на организациската единица на Полицијата во чии простории е извршено препознавањето; причини поради кои тоа се врши; лицето кое го вршело препознавањето (име, татково име и презиме, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште и во кое својство го вршело препознавањето); име и презиме на јавниот обвинител и на бранителот во чие присуство се врши препознавањето; часот кога е започнато и начинот на кој

е извршено препознавањето; опис на лицето или предметот; лицата и предметите кои биле покажани заради препознавање; изјава на лицето кое вршело препознавање; часот на завршување на препознавањето; место за потпис на јавниот обвинител, на бранителот, на лицето кое го вршело препознавањето и на полициското службеник (Образец бр. 2).

2. Собирање на информации

Член 11

Полициските службеници собираат информации од граѓани, државни органи или правни лица во случаи утврдени со закон.

Полициските службеници покрај информациите добиени преку непосредни разговори со граѓани, собираат информации и со непосредно забележување, користење на отворени извори на информации (средства за јавно информирање, социјални мрежи, интернет), преку добиени писмени известувања, известувања по телефон или преку средства за електронски комуникации; со привремено или постојано набљудување на определени лица, простор и објекти каде што може да се очекува вршење на казниви дела или места каде што има предмети кои можат да се користат за извршување на казниви дела, односно предмети кои потекнуваат од извршено казниво дело.

При собирање на информациите од ставовите 1 и 2 на овој член полициските службеници ги штитат угледот и честа на субјектите кои ги даваат информациите, како и на субјектите на кои тие се однесуваат.

Полициското службеник за добиените информаци, освен за информациите добиени со непосредно забележување изготвува оперативна информација, која се доставува до надлежна организациска единица за криминалистичко-разузнавачка анализа во која се врши обработка, анализирање, користење, оценување, пренесување, чување и бришење на податоците согласно член 64-а од овој правилник.

За инфомациите добиени преку непосредни разговори со граѓани кои не се оперативни, полицискиот службеник изготвува службена белешка.

Службената белешка од ставот 5 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; граѓанинот кој ја дава информацијата (име и презиме; датум, место и држава на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, живеалиште односно престојувалиште и занимање); место каде е дадена информацијата; полицискиот службеник кој ја примил информацијата (име и презиме и назив на организациска единица на полицискиот службеник); содржина на информацијата и место за потпис на граѓанинот и на полицискиот службеник (Образец бр 3).

За податоците добиени со непосредно забележување полицискиот службеник изготвува извештај.

Оперативната информација и извештајот од ставовите 4 и 7 на овој член, полицискиот службеник ги изготвува согласно стандардните оперативни процедури на Министерството за начинот на собирање и постапување со информации.

3. Повикување

Член 12

Заради собирање потребни известувања неопходни за извршување на полициските работи може да бидат повикани граѓани во надлежна организациона единица на Полицијата.

Повикувањето од став 1 на овој член, полициските службеници го вршат со писмена покана.

Малолетни лица се повикуваат со доставување на писмена покана до нивните родители или старатели согласно закон.

Во писмената покана, покрај податоците утврдени со закон, има и печат од организционата единица од која се повикува граѓанинот и потпис на

полицискиот службеник кој го врши повикувањето (Образец број 4).

За извршениот разговор со повиканото лице полицискиот службеник изготвува службена белешка, која содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; полицискиот службеник кој го водел разговорот (име и презиме); назив на организациската единица на полицискиот службеник и на организациската единица во која е извршен разговорот; повиканото лице со кое е извршен разговор (име и презиме; датум, место и држава на раѓање, адреса на живеалиште односно престојувалиште); содржина на известувањето кое го дало повиканото лице; датум и време на започнување и завршување на разговорот и место за потпис на повиканото лице и на полицискиот службеник (Образец бр.5).

Член 13

Писмената покана се доставува преку редовна пошта или непосредно од полицискиот службеник, во време од 06 до 22 часот.

Во случај кога постои опасност од одлагање, полицискиот службеник може да го повика лицето и надвор од времето утврдено во став 1 од овој член.

Полицискиот службеник ја доставува писмената покана со нејзино непосредно врачување на лицето на адресата на неговото живеалиште или престојувалиште.

Полицискиот службеник пред врачување на писмената покана го проверува идентитетот на лицето на кое му ја врачува поканата.

Полицискиот службеник при врачување на поканата на адресата на живеење, ќе му се обрати на лицето на јазик разбирлив за него, ќе му ја врачи поканата пред вратата од домот и ќе побара од него да ја потпише потврдата за прием на поканата.

По исклучок, ако полицискиот службеник на јасен и недвосмислен начин од лицето е поканет да влезе во домот, тогаш може да му ја врачи поканата и во просториите на домот во кој бил повикан да влезе.

Ако повиканото лице не знае да пишува или од субјективни причини не може да го свати значењето на поканата или очигледно одбегнува да ја прими поканата, полициският службеник за тоа изготвува службена белешка која ја доставува до непосредниот раководен полициски службеник.

Член 13-а

Заради собирање потребни известувања неопходни за извршување на полициски работи, лицето кое се јавило на поканата а одбило да даде известување од важни причини, за истото кривично дело ќе биде повикано само уште еднаш, на начин пропишан во членовите 12 и 13 од овој правилник.

Член 14

Полициският службеник може да повика лице и усно или преку средствата за јавно информирање во случаи утврдени со законот.

3-а. Лишување од слобода

Член 14-а

По извршена проверка на идентитет на лице и извршен претрес заради пронаоѓање на предмети погодни за напад или самоповредување, предмети кои потекнуваат од кривично дело, траги на кривично дело или предмети кои можат да послужат како доказ во натамошната постапка, од страна на полициски службеник може без писмена наредба да се лиши од слобода лице во случај кога е затекнато во вршење на кривично дело за кое се гони по службена должност ако постои опасност од бегство, кога постојат основи на сомневање дека лицето сторило кривично дело за кое се гони по службена должност само ако постои опасност од одлагање или ако постои некоја од причините за притвор утврдени со закон, како и ако за лицето е распишан распис согласно закон.

При лишувањето од слобода без писмена наредба од ставот 1 на овој член, од страна на полициският

службеник веднаш или кога ќе се создадат услови за тоа се известува лицето за неговите права утврдени со закон.

За постапувањето од став 1 на овој член полицискиот службеник изготвува службена белешка која содржи податоци за: назив на организацискатa единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; датум, време, место и адреса на лишување од слобода; полицискиот службеник (име и презиме и назив на организациска единица); за лицето лишено од слобода (име и презиме, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште); причините за лишување од слобода; постоење/непостоење на околности кои го отежнале лишувањето од слобода (доколку имало, во забелешка се опишува фактичката состојба); дали лицето лишено од слобода е известено и поучено за неговите права; дали при лишувањето од слобода е извршен претрес на лицето; дали при претресот се пронајдени и одземени предмети од лицето; време на лишување од слобода и име и презиме и организациска единица на полицискиот службеник на кого е предадено лицето ; име и презиме на јавниот обвинител и на судијата на претходна постапка, како и датум и час на нивно известување и место за потпис на полицискиот службеник кој го предал и на полицискиот службеник кој го примил лицето лишено од слобода (Образец бр. 6).

Во случај на предавање на лицето лишено од слобода се пополнува писмена потврда, која содржи податоци за: полицискиот службеник кој го извршил предавањето на лицето (име, презиме и организациска единица); лицето кое се предава (име и презиме, датум и место на раѓање, адреса и место на живеалиште, односно престојувалиште, број на лична карта или патна исправа врз основа на која е извршена проверка на идентитет и орган кој ја издал); место, час и датум кога е предадено лицето; психофизичката состојба во која се наоѓа лицето во моментот на предавањето; предмети кои се предаваат со лицето и потпис лицето кое го примило предаденото лице и на полицискиот службеник кој го предал лицето (Образец бр. 7).

4. Приведување

Член 15

Приведување претставува службено дејствие кое го преземаат полициските службеници врз основа на писмена наредба издадена од надлежен суд (во натамошниот текст : писмена наредба) или без писмена наредба, заради спроведување на лице во просториите на Полицијата, друг надлежен државен орган или до местото одредено во наредбата.

Приведувањето со писмена наредба издадена од надлежен суд се врши врз основа на:

- наредба од суд за доведување на лице во својство на обвинет или сведок;
- наредба од суд за присилно доведување на лице за издржување на казна затвор;
- распишана потерница или распис доколку со истите е наредено приведување и
- наредба од суд за присилно доведување на лице за кое е донесено решение за притвор.

Полицискиот службеник по проверка на идентитетот на лицето кое треба да го приведе, му ја врачува писмената наредба од став 1 на овој член и го повикува да појде со него.

Писмената наредба за приведување ја извршуваат најмалку двајца полициски службеници.

Пред извршување на писмената наредба, во евиденциите кои ги води Полицијата се врши проверка на податоци и информации кои укажуваат на можно бегство, давање отпор или напад на полициските службеници од страна на лицето кое треба да се приведе.

Во случаите од став 5 на овој член, приведувањето од страна на полициските службеници се врши врз основа на претходно подготвен и одобрен план.

Планот од став 6 на овој член се одобрува од непосредниот раководен полициски службеник на полициските службеници кои ја извршуваат писмената наредба.

Член 16

Полициското службеник врши преглед на лицето кое се приведува заради пронаоѓање и одземање на предмети погодни за самоповредување или повреда на други лица.

Одземените предмети од став 1 на овој член полициското службеник ги предава на овластено лице од надлежниот државен орган каде лицето ќе биде спроведено.

Член 17

Спроведувањето на лицето кое се приведува, по правило се извршува со службено возило.

По исклучок од став 1 на овој член, кога спроведувањето се извршува со превозни средства на јавниот сообраќај, по можност лицето кое се приведува, се сместува одвоено од останатите патници, со цел да не се загрози нивната безбедност.

Кога спроведувањето се извршува со воздухоплов или со пловен објект начинот на сместување на полициските службеници и лицето кое се приведува се определува во соработка со заповедникот на воздухопловот или на пловниот објект.

Член 18

Спроведувањето на малолетно лице кое се приведува го вршат полициски службеници во цивилна облека, со службени возила без службени обележја.

По исклучок од став 1 на овој член, спроведувањето може да го извршат и полициски службеници во униформа и со возила кои имаат службени обележја, кога се исполнети условите за приведување без писмена наредба согласно закон.

Член 19

Ако лицето кое се приведува се повика на статус кој му дава имунитет, полициското службеник ќе ја провери веродостојноста на исправите со кои се докажува таквиот статус.

Полицискиот службеник кој го утврдил постоењето на имунитетот, ќе го прекине приведувањето, освен ако лицето не е затекнато во извршување на кривично дело за кое е предвидена казна затвор во траење од најмалку пет години и за тоа веднаш ќе го извести непосредниот раководен полициски службеник.

Во случај кога лицето кое се приведува се повикува на имунитет кој претходно му е одземен, приведувањето ќе биде извршено од страна на полицискиот службеник.

Во случај кога имунитетот на лицето не му е одземен и покрај писмената наредба за негово приведување, истото нема да се изврши, а надлежниот суд ќе се извести од страна на полицискиот службеник за причините поради кои не е постапено по наредбата.

Лице со дипломатски имунитет, не може да биде приведено, а лице со конзуларен имунитет, може да биде приведено само со наредба од надлежен суд.

Член 20

Кога лицето затекнато во извршување на прекршок и приведено без писмена наредба се предава на надлежен суд, полицискиот службеник ќе ја побара од судот писмената потврда од членот 14-а став 4 од овој правилник.

Член 21

Кога при приведување на лице ќе се утврди дека вонеговото живеалиште или престојувалиште има инвалидни или малолетни лица за кои тој се грижел, а по неговото приведување нема друго лице за нивна понатамошна грижа, полицискиот службеник во соработка со непосредниот раководител ќе преземе неопходни мерки за обезбедување присуство на надлежно лице и за тоа веднаш ќе го извести надлежниот орган за социјални работи.

Ако при приведување на лице се утврди дека истото поседува добиток или живина за кои тој се грижел, а по неговото приведување нема друго лице за

нивна понатамошна грижа, полициският службеник ќе превземе неопходни мерки за обезбедување на имотот и за тоа веднаш во соработка со непосредниот раководител ќе го извести надлежниот државен орган.

Член 22

Во случај кога лицето ќе одбие да постапи согласно член 15 став 3 на овој правилник, приведувањето ќе се изврши присилно, при што ако лицето кое присилно се приведува даде отпор, полициският службеник може да употреби разумна сила за да го совлада отпорот.

Полициският службеник ќе му ги врзе рацете на лицето кое дава отпор при приведувањето, зад неговиот грб.

Во случајот од став 1 на овој член, полициският службеник ќе му ја врачи на лицето или на неговиот бранител писмената наредба веднаш по престанокот на постоење на причините поради кои тоа не можел претходно да го стори.

Член 23

Лица помлади од 16 години, видно бремени жени, немоќни лица и тешки инвалиди, по правило не се врзуваат, освен во исклучителни случаи кога истите со употреба на опасни средства непосредно го загрозуваат животот на полициският службеник.

Член 24

За секое извршено приведување врз основа на писмена наредба издадена од надлежен суд, полициският службеник изготвува службена белешка за приведување со писмена наредба издадена од надлежен суд, која содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; бројот и датумот на издавање на писмената наредба од надлежен суд; полициският службеник кој го извршил приведувањето (име, презиме и организациска единица); датум, час и адреса на извршено приведување на лицето; приведеното лице (име, презиме, датум, држава и место на раѓање, единствен матичен број на

граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, број на лична карта односно патна исправа врз основа на која е извршена проверка на идентитет и орган кој ја издал); постоење/не постоење на околности кои го отежнале приведувањето (доколку имало, во забелешка се опишува фактичката состојба); дали приведеното лице е известено за неговите права; дали е извршен преглед на лицето и дали се пронајдени и одзмени предмети од лицето; датум и време кога приведеното лице е предадено, на кого и каде е предадено и место за потпис на полициски службеник/ полициските службеници (Образец бр. 8).

За секое извршено приведување без писмена наредба полициски службеник изготвува службена белешка, која ги содржи податоците од ставот 2 на овој член, освен податоците за бројот и датумот на издавање на писмената наредба, а содржи и податоци за причините за приведување на лицето без писмена наредба (Образец бр. 9).

5. Задржување

Член 25

Задржувањето се врши во посебно уредени простории во полициски станици од општа надлежност определени со решение од министерот за внатрешни работи кои исполнуваат нормативи и стандарди за краткотрајно и безбедно сместување на лица задржани од страна на полициски службеник за прифат-сменоводител, кој со посебно пишано и образложено решение ќе одлучи дали лицето ќе се задржи во полициска станица поради причините утврдени со Закон за кривична постапка.

Решението за задржување на лице од ставот 1 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на решението; лицето кое се задржува (име и презиме; ден, месец, година и држава на раѓање; единствен матичен број на граѓанинот; државјанство, адреса на живеалиште, односно престојувалиште; број на лична карта, односно патна исправа и орган кој ја издал); ден, месец, година и

час на лишување од слобода; причини поради кои лицето се задржува; ден, месец, година и час кога лицето е предадено пред полициското службеник за прифат – сменоводител; образложение; место за печат и потпис на полициското службеник за прифат – сменоводител (Образец бр. 10).

Во случај на задржување на лице до 24 часа од моментот на лишување од слобода во случаи утврдени со закон, од страна на полициското службеникот за прифат –сменоводител се известува јавниот обвинител веднаш по приемот на лицето.

При доведување на лицето лишено од слобода во полициска станица, од страна на полициското службеник за прифат - сменоводител се наложува да се изврши претрес на лицето, а предметите и трагите кои можат да послужат како доказ или да ја загрозат безбедноста на лицето се одземаат со потврда за привремено одземени предмети.

Ако задржаното лице е странски државјанин, се известува дипломатско – конзуларното претставништво на земјата чиј државјанин е лицето.

На задржаното лице ќе му се овозможи да повика свој бранител, односно ќе му се обезбеди бранител и ќе се одложи извршувањето на сите дејствија до неговото доаѓање, но не подолго од два часа на неговото повикување.

Во случај кога задржаното лице е малолетно, за задржувањето веднаш се информира неговиот родител или старател или надлежниот орган за социјални работи, а до неговото доаѓање, лицето се задржува во просторија одвоена од други простории за задржување на лица, во присуство на полициски службеник за малолетничка деликвенција.

Задржаните лица се сместуваат одвоено, а по исклучок, во иста просторија може да бидат сместени само лица од ист пол.

Со задржаното лице може да контактира полициски службеник за прифат – сменоводител, дежурен полицаец, полициски службеник за вршење на криминалистички работи, криминалистички техничар,

негов бранител, лекар, како и претставник на дипломатско - конзуларно претставништво.

Другите полициски службеници во полициската станица каде лицето е задржано може да остварат контакт со него само со одобрение од полицискиот службеник за прифат - сменоводителот и само во врска со извршување на полициски работи.

Полицискиот службеник за прифат – сменоводител се грижи за остварување на правата на задржаното лице, како и за неговата безбедност во полициската станица во која тоа е задржано.

Член 26

За извршеното задржување се составува записник кој содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот; задржаното лице (име и презиме, датум, место и држава на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, број на лична карта или патна исправа врз основа на која е извршена проверка на идентитет и органот кој ја издал); назив на Полициската станица во која лицето е задржано; датум и време на задржување; име и презиме на полицискиот службеник кој одлучил за задржувањето; причини за задржувањето; име и презиме на јавниот обвинител кој бил известен за задржувањето, датум и час кога е тој известен; датум и час на приведување, односно лишување од слобода на лицето; податоци за полицискиот службеник кој го лишил од слобода лицето (име, презиме и назив на организациската единица); место за потпис на задржаното лице по однос на часот и датумот на лишување од слобода; датум и час кога е лицето поучено за неговите права согласно член 69 од Законот за кривичната постапка и член 34 од Законот за полиција и за начинот на остварување на овие права (датум и час кога лицето барало бранител, односно не барало бранител или дополнително побарало право на бранител, датум и час кога бранителот е контактиран и кога истиот дошол); место за потпис на бранителот и на задржаното

лице (по однос на тоа дека е поучен за правата); знаци на видливи повреди или знаци на болест, ментално растројство, алкохолизирана состојба, дејство на наркотични средства и опис на знаците; датум и час кога е контактиран лекар, семејството на задржаното лице, дипломатско конзуларно претставништво или други лица; име и презиме на полициските службеници кои разговарале со лицето; назив на организациската единица во која е разговарано и времето кога е разговарано; дали лицето било префрлено во друга полициска станица и датум и час кога тоа е сторено; датум и час кога лицето е изнесено пред надлежен суд и кога престанало задржувањето; место за потпис на лицето; место за забелешка; место за потпис на лицето и на полицискиот службеник на чија смена завршило задржувањето и печат на организациската едница во која било задржано лицето (Образец бр. 11).

По изготвување на записникот, полицискиот службеник му ја чита содржината на задржаното лице.

Во случај кога задржаното лице нема да постапи согласно став 2 на овој член, полицискиот службеник ја образложува причината за неговото однесување.

На задржаното лице му се врачува примерок од записникот по прекинување на задржувањето.

Ако по прекинување на задржувањето лицето не се предаде на надлежниот суд, а е пренесено во друга полициска станица, копија од записникот од став 1 на овој член, се доставува до таа полициска станица.

Член 27

Полицискиот службеник ќе задржи лице и надвор од службените простории, кога се исполнети условите од член 281 од Законот за кривичната постапка.

Во случај кога полицискиот службеник нема да го задржи лицето согласно став 1 на овој член, истото ќе го упати до јавниот обвинител.

При упатувањето од став 2 на овој член полицискиот службеник ќе му соопшти на лицето дека е потребно да се јави на јавниот обвинител веднаш или во

рокот кој тој ќе му го определи и ќе го запознае со причините за упатувањето.

За извршеното упатување полицискиот службеник изготвува службена белешка која содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; полицискиот службеник (име, презиме и назив на организациската единица); датум и место на извршеното упатување; име и презиме на јавниот обвинител и назив на основното јавно обвинителство каде што се упатува лицето; лицето кое се упатува (име и презиме, број на лична карта, односно патна исправа и орган кој ја издал, единствен матичен број на граѓанинот, датум, место и држава на раѓање, адреса на живеалиште, односно престојувалиште); час и датум на упатување на лицето; часот кога лицето треба да се јави на јавниот обвинител; начинот и времето на известување на јавниот обвинител, дали лицето се јавило или не и место за потпис на полицискиот службеник. (Образец бр. 12).

6. Потрага по лица и предмети

Член 28

Потрага по лица и предмети претствува спроведување на мерки што ги презема Полицијата за пронаоѓање и фаќање на лице за кое е издадена наредба за приведување согласно закон, односно е распишана потерница или распис за лице за кое постојат основи на сомневање дека е сторител на кривично дело или прекршок; за исчезнати лица; за утврдување на живеалиште или престојувалиште на лице; за утврдување на идентитет на лице кое не е во состојба да даде лични податоци за себе или за леш чиј идентитет не може да се утврди или за пронаоѓање на предмети во врска со кривично дело или прекршок, како и предмети кои се исчезнати.

Полицискиот службеник по приемот на пријавата или записникот за пријавување на настанат случај од став 1 на овој член, ги евидентира сите информации и податоци во врска со тој случај.

Полициското службеник веднаш по приемот на пријавата или записникот од став 2 на овој член презема потребни дејствија и активности со цел пронаоѓање на лицето или предметот по кои се трага како и утврдување на локацијата на која се наоѓаат.

За преземените дејствија и активности од став 3 на овој член полициското службеник изготвува службена белешка која заедно со пријавата и записникот ги приложува во досието за потраги.

Службената белешка од ставот 4 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; полициското службеник (име и презиме и назив на организациска единица); име и презиме на лицето по кое се трага; назив и идентификациони обележја на предметот/ите по кој/и се трага; опис на преземените дејствија; упатување дека службената белешка заедно со пријавата и записникот се приложуваат во досието за потраги и место за потпис на полициското службеник (Образец бр. 13).

За преземените мерки од став 3 на овој член, како и за постигнатите резултати, полициското службеник писмено го известува подносителот на пријавата во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавата.

Член 29

Потерниците, расписот и објавите се распишуваат на информацискиот систем на Полицијата и истите се објавуваат во Регистарот за лица и предмети по кои се трага, како и за лица на кои им е забранет влез во Република Македонија.

Полициските службеници при вршењето на полициските работи се запознаваат со распишаните и објавени потерници, расписи и објави, а по потреба пред упатување на извршување на конкретна работна задача им се даваат на увид и фотографии од лицата и предметите по кои се трага.

Член 30

Потрагите распишани и објавени во согласност со закон важат до денот кога надлежниот државен орган кој ги распишал и објавил одлучил да го повлече налогот.

7. Пренасочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време

Член 31

Полициските службеници заради спречување на извршување на казниво дело; постоење основи за сомневање дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност; пронаоѓање и фаќање на сторител на казниво дело; пронаоѓање и фаќање на лице по кое се трага; откривање и обезбедување траги на кривично дело и предмети што можат да послужат како доказ во постапка; случаи на загрозена безбедност предизвикана од елементарни непогоди и други несреќи и собирање известувања што можат да бидат од корист за успешно водење на постапка, вршат пренасочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за време кое е нужно потребно и кое не може да биде подолго од шест часа.

По исклучок, во случај на загрозена безбедност предизвикана од елементарни непогоди и други несреќи, пренасочувањето или ограничувањето на движењето од ставот 1 на овој член може да биде подолго од шест часа, но не подолго од времето неопходно потребно за остварување на целта за која е применето.

За случаите од став 1 на овој член, полициското службеник врши преглед на одредени
објекти, простор, лица и превозни средства, проверка на идентитет на лицата, нивно отстранување на безбедно место (евакуација), заседа, рација и блокада на определени објекти, патишта и друг простор.

Член 32

Постапувањето согласно член 31 став на овој правилник, се врши врз основа на претходно изготвен оперативен план кој содржи податоци за: описот на

објектот или просторот кој треба да се прегледа; времето на извршување на задачите; бројот и задачите на полициските службеници кои учествуваат во преземањето на мерките; постапувањето со пронајдените предмети и сторители; потребните материјално-технички средства, заштитна и друга опрема; средствата за врски, превозни средства и слично; начинот на непосредно поставување и раководење со полициските службеници; определеното одговорно лице за извршување на оперативниот план, како и за други потребни организационо-функционални и материјално-технички податоци.

Началникот на Секторот за внатрешни работи го одобрува оперативниот план од став 1 на овој член и ги определува полициските службеници кои ќе учествуваат во неговата реализација, од кои одредува еден полициски службеник кој ќе раководи со спроведувањето на потребните мерки.

Раководниот полициски службеник од став 2 на овој член непосредно ги запознава другите полициски службеници со конкретните активности кои е потребно да се извршат и истите ги координира.

Член 33

Постапувањето согласно член 31 став 1 на овој правилник, во зависност од поставените цели и можностите за нивно извршување, се врши одделно или комбинирано, во вид на криминалистичко- тактички активности и оперативно-тактички дејствија, односно блокада, рација и заседа.

7.1. Блокада

Член 34

Со оперативно-тактичката мерка блокада се врши планско затворање по време и место на сите пристапи на определен простор или објект и има за цел да се оневозможи напуштањето на затекнатите лица од тој простор или објект или да се оневозможи влегување на други лица на блокираниот простор или објект.

Член 35

Блокада се врши врз основа на проверени известувања, заради спречување на извршување на кривични дела, откривање и фаќање на сторители на кривични дела, пронаоѓање и обезбедување на предмети и траги од кривични дела, како и заштита на имотот и животот при потешки незгоди, природни непогоди и други несреќи.

Член 36

Блокадата се прекинува кога престануваат причините за нејзино преземање.

7.2. Рација

Член 37

Рација претставува комбинирана оперативно-тактичка и истражна мерка која се презема заради откривање, попречување и документирање на криминални однесувања кои се зачестени или се чинат на определено подрачје од поголем број на извршители (и како такви не можат да се попречат или документираат преку редовното безбедносно покривање на подрачјето) и заради потера на поширок простор по лица кои вршат незаконити дејствија заради нивно фаќање и предавање на надлежни државни органи.

Рацијата се спроведува на простор кој претходно е блокиран и се врши врз основа на проверени известувања.

Член 38

За спроведување на мерката од член 37 на овој правилник се изработува план во кој се утврдуваат дејствијата кои е потребно да бидат преземени и истите се прецизираат по вид, место и потребен број на полициски службеници за нивно извршување.

7.3. Заседа

Член 39

Заседа претставува планирана оперативна-тактичка мерка која се организира и спроведува со

поставување на полициски службеници на места каде се очекува извршување на кривично дело или наидување на лица по кои се трага, со цел, спречување на извршување на кривично дело, односно фаќање на лицата по кои се трага и нивно предавање на надлежен суд.

По исклучок од став 1 на овој член, заседа може да се постави за време на вршење на позорна или патролна дејност, при што веднаш се известува непосредниот раководен полициски службеник.

Член 40

Приоѓање до местото на заседата се врши во време и на начин тоа да биде незабележливо и за цело време додека е поставена заседата, истата треба да остане неоткриена. Доколку лицата по кои се трага не се појават и се одлучи заседата да се повлече, повлекувањето се врши на незабележлив начин.

Член 41

Кога во заседата учествуваат двајца или повеќе полициски службеници, се определува кој полициски службеник ќе раководи со извршувањето на оваа мерка.

Полицискиот службеник од став 1 на овој член ги запознава другите полициски службеници кои учествуваат во заседата со нивните конкретни задачи и за начинот на кој истите треба да бидат извршени.

8. Предупредување и наредување

8.1. Предупредување

Член 42

Полицискиот службеник на лицето кое го предупредува, му укажува на околностите кои како резултат на неговото однесување, дејствување или пропуштање на одредени дејствија ја довеле во опасност неговата безбедност, безбедноста на другите лица или безбедноста на имотот, го нарушиле јавниот ред и мир или ја загрозиле безбедноста на сообраќајот на патиштата, како и кога оправдано се очекува тоа лице да стори или да предизвика други лица да сторат кривично дело или прекршок.

Предупредување во смисла на став 1 од овој член може да се упати и на лице вработено во правно лица и во државен орган.

Член 43

Предупредувањето е кратко и јасно, се упатува со светлосен, звучен или друг разбирлив сигнал, со мегафон, разгласен уред или на друг погоден и можен начин.

Предупредувањето дадено со звучен сигнал се дополнува со друг соодветен знак или со усно предупредување.

Во случај кога предупредувањето се упатува заради сериозни закани за загрозување на животот и имотот, истото покрај во усна се издава и во писмена форма.

Писменото предупредување од ставот 3 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на писменото предупредување; лицето кое се предупредува (име, татково име и презиме, датум, место и држава на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, националност, занимање, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, број на лична карта, односно патна исправа и орган кој ја издал); ден, час, адреса, односно назив на организациска единица каде е упатено писменото предупредување, полицискиот службеник кој го упатил писменото предупредување (име, презиме и назив на организациска единица); опис на даденото предупредување, место за печат и потпис на полицискиот службеник кој го упатил предупредувањето и на предупредениото лице (Образец бр.14).

Член 44

За усно дадените предупредувања се изготвува службена белешка во која се внесуваат податоци за лицето на кое е упатено предупредувањето, времето и местото на предупредување и причините за истото.

Службената белешка од ставот 1 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка;

лицето кое е усно предупредено (име, татково име и презиме, датум на раѓање, држава на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, националност, занимање, адреса на живеалиште/престојувалиште, број на лична карта, односно патна исправа и назив на органот кој ја издал); име и презиме и организациска единица на полициското службеник кој го дал усното предупредување; причините поради кои е дадено усното предупредување; часот и местото кога е лицето предупредено и место за потпис на полициското службеник (Образец бр. 15).

8.2. Наредување

Член 45

Полициските службеници во извршувањето на полициските работи издаваат усни наредби заради заштита на животот и личната сигурност на луѓето и имотот; спречување на извршување на кривично дело за кое се гони по службена должност или прекршок; обезбедување траги од кривично дело и предмети што можат да послужат како доказ во кривична или прекршочна постапка; одржување или спречување на нарушување на јавниот ред и мир, како и за воспоставување на нарушен јавен ред и мир; заштита на сигурноста на објекти и личности кои се обезбедуваат; контрола, регулирање и безбедност во сообраќајот на патиштата; обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница; спасување на луѓето и отстранување на последиците од природни непогоди и други несреќи, како и отстранување на опасности кои тие ги предизвикале.

Со наредбите од став 1 на овој член се наредува преземање или непреземање на дејствија кои се однесуваат исклучиво на извршување на полициски работи.

Доколку лицето на кого му е упатена наредбата истата не ја изврши, а таа не може да биде извршена на друг начин, полициските службеници ќе применат соодветно средство за присилба во рамките на своите овластувања, заради нејзино извршување.

Член 46

Наредбите се издаваат на јасен, недвосмислен и разбирлив начин, непосредно и усно, а по потреба и писмено или преку средствата за јавно информирање.

9. Привремено одземање на предмети

Член 47

Полициските службеници привремено одземаат предмети и со истите постапуваат согласно прописите за полиција.

10. Преглед или претрес на определени објекти, простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во нивната документација

Член 48

Полицискиот службеник во присуство на одговорно лице врши преглед или претрес на определени објекти, простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и врши увид во определена нивна документација согласно закон.

Член 49

При вршењето на увид во документацијата на државен орган, институција што врши јавно овластување и друго правно лице, полицискиот службеник зема потребни податоци од неа, делумно или целосно ги препишува или ја фотокопира онаа содржина од документацијата која е во врска со конкретното постапување, ако постои можност таа да биде уништена или сокриена, заради нејзино обезбедување за успешно водење на кривична постапка.

За извршениот увид од став 1 на овој член, полицискиот службеник составува записник, кој содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот; полицискиот службеник кој го извршил увидот (име и презиме и назив на организациска единица) ; датум, место и час кога е извршен увидот; назив на државниот орган, институција

што врши јавно овластување и друго правно лице во чија документација е извршен увид; опис на констатираната состојба и место за потпис на полициското службеник (Образец бр. 16).

10-а. Влегување во туѓ дом и други затворени простории

Член 49-а

Во случај кога е потребно отстранување на сериозна опасност по животот и здравјето на луѓето или на сериозна опасност на имотот на граѓаните од поголеми размери, како и кога некој од домот повикува на помош, полициското службеник може да влезе во туѓ дом и други затворени простории без писмена наредба и да врши преглед на домот и просторот поврзан со домот.

За преземените дејствија од ставот 1 на овој член полициското службеник изготвува службена белешка, која содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; датум и час кога е влезено во дом, односно други затворени простори; полициското службеник кој го презел дејствието (име, презиме и назив на организациска единица); држателот на домот/другите затворени простории, односно лицето кое престојува во домот/другите затворени простории (име, презиме, датум на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште); причини за презмање на дејствието; датум и час на напуштање на домот и другите затворени простории; забелешка за презмените мерки и дејствија од страна на полициското службеник (на пример: оштетувања при влез, затекнати лица и друго) или од држателот на домот, односно лицето кое престојува во домот и место за потпис на полициското службеник (Образец бр.17).

Кога држателот на домот/другите затворени простории или лицето кое престојува во домот/другите затворени простории бара или се согласува со влегувањето во домот или друга затворена просторија во случај кога таму се наоѓа лице кое по наредба на суд треба да се приведе или присилно да се доведе, поради лишување од слобода на сторител кој е

затечен при извршување на кривично дело за кое се гони по службена должност или на место каде што е извршено кривично дело заради вршење увид, полициският службеник за преземените дејствијата од ставот 1 на овој член на држателот на домот, односно на лицето кое престојува во домот му издава потврда.

Потврдата од ставот 3 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на потврдата; датум и час кога полициският службеник влегол во дом и други затворени простории; полициският службеник кој го презел дејствието (име, презиме и назив на организациска единица); држателот на домот/другите затворени простории (име, презиме, датум на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште, односно престојувалиште); причините поради кои е преземено дејствието; датум и час на напуштање на домот, односно другите затворени простории; место за забелешка на полициският службеник (за презмените мерки и дејствија од страна на полициският службеник, оштетувања при влез, затекнати лица и друго); место за забелешка на држателот на домот/другите затворени простории; место за печат и потпис на полициският службеник. (Образец бр.18).

Во случаите од ставот 3 на овој член полициският службеник пред да влезе во туѓ дом или други затворени простории на држателот на домот/другите затворени простории или лицето кое престојува во домот/другите затворени простории му ги соопштува причините поради кои влегува, освен во случаи кога тоа не може да го стори поради потреба од итно и ненадејно постапување.

Полициският службеник може да се задржи во туѓ дом или други затворени простории само додека траат причините поради кои влегол.

11. Сопирање, легитимирање, преглед односно претрес на лица, превозни средства и багаж

Член 50

Од страна на полициският службеник се врши сопирање, легитимирање, преглед односно претрес на

лице, превозно средство и багаж кој лицето го носи со себе, кога тоа е неопходно заради пронаоѓање на предмети за напад или самоповредување или кога постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се пронајдат предмети кои потекнуваат од кривично дело или прекршок, траги на кривично дело или прекршок или предмети што можат да послужат во кривична или прекршочна постапка.

При сопирање полициското службеник ги врши потребните дејствија во време кое е нужно и неопходно за завршување на проверките.

Полициското службеник врши преглед на лице со увид и проверка на облеката и обувките. Полициското службеник врши преглед на превозни средства со визуелна проверка на сите отворени и затворени простори и места во превозното средство и багажот кој се превезува.

Член 51

Полициското службеник не врши преглед на лице кое ужива дипломатски, односно конзуларен имунитет и имунитетот согласно Уставот на Република Македонија.

Член 52

Пред отпочнувањето на вршењето на преглед на превозно средство и багаж, полициското службеник го повикува лицето кое го управува превозното средство да овозможи увид во одделни негови делови или во багажот кој го носи, заради откривање на предмети кои би ја загрозиле безбедноста, на предмети со кои се сторени кривични дела или за лица за кои е распишана потерница, при што лицето кое го управува превозното средство присуствува на прегледот, а патниците од превозното средство кое се прегледува може да бидат оддалечени заедно со багажот или без него.

При извршувањето на преглед на превозно средство, полициското службеник ги прегледува сите места каде постои можност да се пронајдат предмети и

траги кои се во врска со сторено кривично дело или со негов сторител.

Член 53

За вршење на преглед односно претрес на превозни средства полициското службеник може да користи соодветни технички средства или службено куче **без заштитна маска**, а по потреба превозното средство се одвезува во механичарска работилница или се бара помош од стручно лице.

Полициското службеник секогаш присуствува при вршење на прегледот односно претресот на превозно средство во случај кога истото се одвезува во механичарска работилница или се бара помош од стручно лице за вршење на прегледот.

Член 54

За секој извршен преглед на лице, превозно средство или багаж, полициското службеник изготвува записник кој содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот; лицето кое е прегледано (име, татково име и презиме; датум, место и држава на раѓање; единствен матичен број на граѓанинот; адреса на живеалиште, односно престојувалиште); превозното средство (вид, тип, марка и ознаките на регистарските таблици) и лицето кое го управувало превозното средство (име, татково име и презиме, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште односно престојувалиште); сопственикот на багажот (име, татково име и презиме, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, адреса на живеалиште односно престојувалиште); фактичката состојба утврдена при вршењето на прегледот на лицето, превозното средство и багажот; полициското службеник кој го презел дејствието (име, презиме и назив на организациска единица); време и причини поради кои е преземено дејствието и место за потпис на полициското службеник (Образец бр.19).

Во случај кога при вршење на прегледот од ставот 1 на овој член се утврди потреба од извршување на претрес на лице, возило или багаж, а постои опасност од одлагање, од страна на полициското службеник се поднесува и усно барање за издавање на наредба за претрес до судијата на претходна постапка по телефон, радиоврска или преку друго средство за електронска комуникација.

За извршениот претрес од ставот 2 на овој член полициското службеник изготвува записник кој ги содржи податоците од ставот 1 на овој член, освен податоците за времето и причините поради кои е преземено дејствието, а содржи и податоци за бројот на издадената судска наредба за претрес; местото каде е извршен претресот; име и презиме на известениот бранител и дали тој присуствувал или не присуствувал за време на претресот и место за потпис на претресеното лице, односно сопственикот и на бранителот (Образец бр. 20).

Записникот од став 3 на овој член го потпишува лицето над кое е извршен претресот, односно лицето кое управува со превозното средство или сопственикот на багажот, присутниот бранител, како и полициското службеник кој раководел со претресот.

Во случај кога записникот нема да го потпишат субјектите од став 4 на овој член, полициското службеник дополнително, во писмена форма ја објаснува причината за нивното постапување.

12. Обезбедување, преглед и увид на местото на настанот

Член 55

Полициското службеник при обезбедување на местото каде е извршено кривично дело, прекршок или настан ќе ги преземе следните дејствија:

- ќе го задржи сторителот, ако го затекне на местото на настанот или ако е фатен од
други лица;
- ќе превземе мерки и активности за неодложно укажување помош на настраданите лица;

- ќе ја извести за случајот дежурната служба во полициската станица на чие подрачје тој е случен и ќе побара на местото на настанот да излезе увидна група и јавен обвинител;
- привремено ќе ја ограничи слободата на движење на присутните и видно ќе го обележи местото;
- ќе издаде потребни предупредувања и наредби;
- визуелно ќе го прегледа објектот, просторијата, просторот, предметите и документацијата кои се наоѓаат на местото на настанот;
- ќе ги прегледа лицата, предметите и превозните средства;
- ќе го провери и утврди идентитетот на затекнатите лица и предмети;
- привремено ќе ги одземе предметите кои може да послужат како доказ во соодветна постапка;
- ќе ги заштити трагите и предметите од значење за разјаснување на настанот ;
- ќе забрани снимање на местото на настанот, освен под условите предвидени со закон и
- ќе направи проценка за можност и потреба од употреба на службено куче.

Член 56

Полицискиот службеник при прегледот на местото на настанот постапува на начин со кој се спречува уништување на трагите и оневозможува промена на затекнатата состојба.

Полицискиот службеник прибира информации за настанот од лицата затечени на местото на настанот и од овластените лица кои може да влезат на местото на настанот, вклучувајќи ги и другите полициски службеници.

Член 57

Полицискиот службеник кој го обезбедува и прегледува местото на настанот, веднаш го запознава полицискиот службеник за прифат - сменоводителот во полициската станица на чие подрачје се случил настанот

за затекнатата фактичката состојба на местото на настанот.

Полицискиот службеник кој го обезбедува и прегледува местото на настанот, по пристигнување на овластени лица од надлежен државен орган, на друг полициски службеник кој е овластен да изврши увид или на овластено лице за преземање на понатамошни мерки и активности, им дава усно известување за затекнатата состојба и за другите факти утврдени на местото на настанот, за преземените мерки и активности или за настанатите промени на местото на настанот.

По извршеното обезбедување и преглед од членот 55 на овој правилник, полицискиот слубеник кој го обезбедувал местото на настанот изготвува службена белешка, која содржи: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; ден, месец, година и времетраење на обезбедувањето; име, презиме и организациска единица на полицискиот службеник; адреса, место и поблиска ознака на местото на настанот; причини поради кои што е излезено на местото на настанот; ден, месец, година и час на примено известување од дежурната служба за настанот и час на пристигнување на полициските службеници на местото на настанот; опис на местото на настанот; затекнати лица на местото на настанот (име, презиме, место, улица и број на живеалиште, односно престојувалиште); состав на увидната група, ден, месец, година и час на излегување на увидната група на местото на настанот; име и презиме, ден, месец, година и час на излегување на јавниот обвинител на местото на настанот; опис на мерките и активностите кои се преземени од полициските службеници за обезбедување и преглед на местото на настанот или за настанатите промени на местото на настанот и место за потпис на полициските службеници (Образец бр. 21).

13. Примање на пријави и поплаки, поднесување на пријави и известувања

Член 58

Полициското службеник прима во усна или писмена форма пријави за кривични дела, пријави за прекршоци, поплаки и пријави за други настани.

Усно изјавените пријави и поплаки од ставот 1 на овој член полициското службеник може да ги прими во просториите на организациските единици на Полицијата (во натамошниот текст: службени простории) или надвор од нив.

Полициското службеник веднаш по приемот на пријавите за кривични дела и пријавите за прекршоци составува записник за примање на пријава (Образец бр. 22), кој содржи:

- назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот;
- време и место на прием, назив на организационата единица на Полицијата во која е примена пријавата и име и презиме на полициското службеник кој ја примил;
- лични податоци за подносителот на пријавата (име, татково име и презиме; датум, место и држава на раѓање; единствен матичен број на граѓанинот; државјанство; занимање; вработување и адреса на живеалиште, односно престојувалиште);
- лицето против кое се поднесува пријавата (име и презиме) и законска квалификација на кривичното дело, односно прекршокот;
- констатација дека подносителот на пријавата е предупреден за последиците од лажно пријавување;
- индиции дека кривичното дело е сторено од омраза;
- опис на настанот;
- исказ на лицето кое ја поднело пријавата, за неговото основано сомневање дека лицето против кого е поднесена пријавата е сторител на казниво дело или дека истото е соучесник во негово извршување; за фактите на кои го заснова основаното сомневање; личниот опис,

личните и други податоци за лицето, како и податоци за местото каде лицето може да се пронајде;

- податоци за доказите со кои се потврдува веродостојноста на изјавата на подносителот на пријавата, односно ако станува збор за материјални докази се наведуваат предметите, трагите или другите материјални докази, а ако тоа се искази на сведоци се наведуваат нивните лични податоци;

- констатација дали подносителот на пријавата е оштетен или не;

- попис и опис на украдените или оштетените предмети, поединечно и детално, како и приближна висина на сторената штета и на противправно стекнатата имотна корист од страна на сторителот;

- изјава со која подносителот на пријавата кој е оштетен со стореното казниво дело се поучува за неговото право за поведување на постапка за остварување на имотно - правното барање;

- рубрика „ЗАБЕЛЕШКА“ за внесување на забелешки од подносителот на пријавата откако записникот ќе му биде прочитан и место за потпис на подносителот на пријавата за констатирање дека записникот е прочитан пред да биде потпишан и

- место за потпис на подносителот на пријавата и на полицискиот службеник.

Полицискиот службеник веднаш по приемот на поплаките и пријавите за други настани составува записникот за примање на поплака или пријава за друг настан (Образец бр. 23), кој содржи:

- назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот;

- датум и време на прием, назив на организациска единица на Полицијата во која е примена поплаката или пријавата за друг настан и име и презиме на полицискиот службеник кој ги примил;

- лични податоци за подносителот на поплаката или пријавата за друг настан (име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеалиште, односно престојувалиште,

број на лична карта или патна исправа врз основа на која е извршена проверка на идентитет и орган кој ја издал);

- содржина на поплаката или опис на настанот кој го пријавува и
- место за потпис на подносителот на поплаката, односно пријавата и на полицискиот службеник.

Кога пријавата за сторено казниво дело е примена надвор од службените простории, како и кога е поднесена преку телефон или други средства за комуникација, полицискиот службеник изготвува службена белешка, која содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на службената белешка; лицето кое ја поднело пријавата (име и презиме, датум, место и држава на раѓање, живеалиште, односно престојувалиште), полицискиот службеник кој ја примил (име, презиме и назив на организациска единица); содржината на пријавата и место за потпис на полицискиот службеник (Образец бр. 24).

Член 59

Кога полицискиот службеник од поднесените пријави од член 58 став 1 на овој правилник или на друг начин дознае за постоење на основи на сомневање дека сторител на делото или прекршокот е малолетно лице превзема итни и неодложни мерки и бара во понатамошното постапување да се вклучи полициски службеник кој е посебно оспособен за работа и сузбивање на малолетничка деликвенција.

Полицискиот службеник ќе постапи согласно став 1 на овој член и во случаите кога со казнивото дело е оштетено малолетно лице.

Член 60

Полицискиот службеник кој ја примил пријавата, по поднесено писмено барање од страна на подносителот на пријавата му дава примерок од изготвениот записник за примање на пријава.

Член 61

Полицискиот службеник, со извештај го известува јавниот обвинител кога врз основа
на собраните известувања ќе утврди дека нема основ за поднесување на кривична пријава.

14. Јавно распишување на награда

Член 62

Во случаи утврдени со закон, распишувањето на наградата се објавува во средства за јавно информирање или на друг погоден начин.

Член 63

Во случај кога одредени околности укажуваат на постоење на опасност од загрозување на животот, личната сигурност и имотот на лицето кое остварило право на награда, истото може да ја прими утврдената награда со примена на мерки на прикриен идентитет.

Податоците за идентитетот на примателот на наградата од став 1 на овој член претставуваат класифицирани информации и со нив се постапува согласно прописите за класифицирани информации.

15. Снимање на јавни места

Член 64

Потребата од снимање на јавно место на подрачјето на Секторот за внатрешни работи се утврдува од страна на началникот на Секторот за внатрешни работи.

Во случај кога намерата за спроведување на снимањето став 1 на овој член јавно се соопштува, тоа се врши на јасен, недвосмислен и погоден начин пред почетокот на снимањето.

Кога постојат сознанија дека снимениот материјал содржи докази за сторено кривично дело или прекршок, со истиот се постапува согласно закон.

15-а. Собирање, обработка, анализирање, користење, проценка, пренесување, чување и бришење на податоци односно информации и обработка на лични податоци

Член 64 -а

Собирањето на податоците, односно информациите претставува планирано, организирано и насочено собирање на лични и други потребни податоци, односно информации со цел спречување на вршење на кривични дела и прекршоци и откривање и фаќање на нивните сторители.

Обработката и анализирањето на собраните податоци односно информациите од ставот 1 на овој член, прибрани со примена на полициските овластувања се врши од страна на полициските службеници кои имаат овластување да вршат обединување на прибраните податоци односно информации, изнаоѓање на нивна меѓусебна поврзаност со примена на посебни аналитички и други методи и техники.

Обработката и анализирањето на податоците, односно информациите се врши со цел да се овозможи поврзување на лицата вклучени во планирање и извршување на кривични дела за што се изготвуваат соодветни аналитички продукти од страна на надлежните организациски единици за криминалистичко -разузнавачка анализа.

Обработката и анализирањето на податоците, односно информациите се врши и заради следење на трендовите и појавите на криминалот, проценка на ризиците и заканите од одреден вид на криминал, одредување на приоритети за постапување, планирање на мерки и активности, планирање на потребни човечки ресурси и изготвување на соодветни разузнавачки продукти на локално, регионално и национално ниво.

Проценката на податоците, односно информациите е неопходна постапка за нивно користење од страна на полицијата.

За собраните податоци, односно информации, полицискиот службеник од надлежната организациска единица за криминалистичко -разузнавачка анализа изготвува оперативен извештај, кој содржи податоци за:

назив на организациска единица, број, датум и место на издавање на оперативниот извештај; рубрика проценка на извор; рубрика проценка на информација; рубрика дозволено проследување на информацијата; рубрика област на криминал; рубрика предмет; рубрика лица наведени во оперативниот извештај; преземени активности/дејствија од страна на полициските службеници за менаџирање со сознанија и место за потпис на полицискиот службеник кој го изготвил (Образец бр.25).

Во зависност од содржината на собраните податоци, односно информации полицискиот службеник истите ги пренесува до надлежните организациски единици на Полицијата, согласно принципот "Потребно да знае".

Чувањето на податоците, односно информациите се врши во писмена или електронска форма.

Податоците, односно информациите се чуваат на начин и во облик кој овозможува нивна тајност и заштита од неовластен пристап.

Чување на податоците, односно информациите кои се внесуваат во збирка на податоци се врши од страна на овластени службени лица надлежни за складирање и пребарување.

Собирањето, обработката, анализирањето, користењето, проценката, пренесувањето, чувањето и бришењето на податоците, односно информациите се врши согласно прописите од таа област, а обработката на личните податоци се врши согласно прописите за заштита на личните податоци.

16. Други полициски овластувања

Член 65

Применувањето на прикриеното полициско дејствување, посебните истражни мерки, заштитата на лицата опфатени согласно прописите за заштита на сведоци, начинот на препознавање, како и начинот на вршење на полиграфско тестирање и содржина на писмената согласност за примена на полиграфска

техника, полициските службеници ги извршуваат согласно прописите од таа област.

17. Извештај за употреба на средства за присилба

Член 65-а

За секоја употреба на средства за присилба од страна на полициските службеник се изготвува извештај за употреба на средства за присилба кој содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на извештајот; полициските службеник кој употребил средство за присилба (име, презиме и назив на организациска единица); датум, час, место и адреса каде е употребено средството за присилба; лицето спрема кое е употребено (име, татково име и презиме, датум, место и држава на раѓање, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, вработување); видот на употребено средство за присилба; причини поради кои е употребено; начинот на употреба; видови последиците кои настанале од употребата, односно констатација дека не настанале последици; присутните очевидци при употребата на средството за присилба (име, презиме и адреса на живеење) и место за потпис на полициските службеник кој ги употребил средството за присилба (Образец бр.26).

III. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ РЕД И МИР

1.Позорна, патролна и мотопатролна дејност

Член 66

Позорната и патролната дејност претставуваат непосредно превентивно дејствување на полициските службеници, кое се врши во униформа.

Полициските службеници со своето непосредно присуство и преземање на дејствијата од став 1 на овој член го одржуваат јавниот ред и мир на подрачјето на кое истите ги вршат; го заштитуваат животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; спречуваат извршување на казниви дела и загрозување на безбедноста на сообраќајот на патиштата; укажуваат потребна помош и заштита на граѓани и вршат набљудување на подрачјето со забележување и оценка на безбедносната состојба.

Член 67

Позорната дејност се врши во урбани средини, индустриски и сообраќајни центри, како и во туристички места врз основа на елаборат изработен од страна на полициската станица на чие подрачје се врши.

Патролната дејност се врши во руралните средини, населби, реки и езера, како и во делот на државната граница, а по потреба и во местата од ставот 1 на овој член.

Позорната дејност се врши пешки или на велосипед, а патролната дејност и со моторно возило.

Член 68

Подрачјето на кое се врши позорна, односно патролна дејност се дели на позорни, односно патролни терени. Два или повеќе позорни, односно патролни терени сочинуваат еден безбедносен реон.

Бројот и големината на безбедносните реони и терените во нив, се утврдува според бројот на населението, бројот и значењето на објектите, состојбите во областа на јавниот ред и мир, криминалитетот, безбедноста на сообраќајот на патиштата и други безбедносни елементи значајни за организацијата на полициските работи на подрачјето.

Безбедносните реони и терените се определуваат од страна на началникот на Секторот за внатрешни работи на чие подрачје се наоѓа полициската станица од општа надлежност, по писмен предлог на командирот на полициската станица.

Член 69

Позорната, односно патролната дејност се врши во смени, по претходно изготвен месечен, односно неделен распоред за работа, а полицискиот службеник се известува за промените на распоредот најдоцна пред започнување на неговата смена. За секој безбедносен реон се определува потребен број полициски службеници.

Патролната дејност со велосипед или моторно возило се врши на два или повеќе позорни, односно патролни терени од еден или повеќе безбедносни реони, кога поради безбедносната состојба е потребна соодветна поддршка на полициските службеници присутни на овие терени или кога е потребно почесто превентивно присуство на полициски службеници на определено подрачје.

Член 70 – **се брише**

Член 71

За организирање и насочување на активностите кои ги извршуваат полициските службеници на подрачјето на безбедносниот реон непосредно е ангажиран водичот на безбедносниот реон, во координирањето на превентивното и оперативното работење на полициските службеници на позорните и патролните терени и непосредно учествува во извршување на следните работи:

- планирање на адекватно превентивно покривање на безбедносниот реон во зависност од состојбите во областа на јавниот ред и мир, криминалитетот, безбедноста на сообраќајот на патиштата и други области;
- следење на активностите на полициските службеници на подрачјето на безбедносниот реон и непосредно укажување стручна помош заради поквалитетно извршување на работните задачи и
- соработка и координирано постапување со другите водичи на безбедносните реони од истата полициска станица од општа надлежност, како и со соодветните организациски единици за криминалистички работи.

Член 72 – **се брише**

Член 73

Позорната дејност се врши од страна на еден или двајца полициски службеници. Кога позорната дејност се

врши од страна на двајца полициски службеници, едниот од нив е одговорен.

Патролната дејност ја вршат патроли составени од најмалку двајца полициски службеници, од кои едниот од нив е одговорен.

Позорната и патролната дејност се вршат по писмена наредба во која се содржани конкретни задачи, издадена од страна на командирот на полициската станица, односно полициското одделение на чие подрачје се врши оваа дејност или од него овластен полициски службеник. (Обрасци бр.27 и 28).

Член 74

Командирот на полициската станица, односно од него овластен полициски службеник, вршат воведување во работата на полицискиот службеник кој за прв пат се испраќа да извршува работни задачи на позорен, односно патролен реон, односно терен.

Полицискиот службеник за прифат – сменоводителот, а во негово отсуство дежурниот полициски службеник, вршат испраќање и пречекување на полициските службеници кои вршат позорна, патролна или мотопатролна дејност.

При испраќањето во извршување на работните задачи, полицискиот службеник за прифат – сменоводител или во негово отсуство дежурниот полициски службеник:

- ги определува и разработува посебните задачи кои полициските службеници треба да ги извршат, а се опфатени во писмената наредба и
- ја утврдува подготвеноста на полициските службеници за извршување на задачите, проверува дали со себе ја носат службената легитимација, ја проверува исправноста на вооружувањето и опремата, материјално – техничките и заштитни средства за работа.

Полициските службеници може да даваат конкретни предлози за извршување на работните задачи на непосредниот раководен полициски службеник.

Член 75

Полициските службеници кои вршат позорна, односно патролна дејност не го напуштаат безбедносниот реон, односно патролниот терен и постапуваат по писмената наредба до завршување на смената, освен во случај на настанување на природни непогоди и други несреќи, нивна повреда или заболување, како и заради извршување на вонредни работни задачи како што се:

- фаќање на сторител на кривично дело или на потежок прекршок или негово приведување, како и обезбедување на траги и предмети кои може да послужат како доказ во соодветна постапка;
- фаќање на лице за кое е издадена потерница и
- давање помош на барање од полициски службеник од соседен позорен или патролен терен или од дежурен полициски службеник во дежурната служба во полициската станица од општа надлежност;

Во случаите од став 1 на овој член полицискиот службеник го известува дежурниот полициски службеник во организационата единица каде ги извршува работните задачи.

Член 76

Во случаите на постапување согласно член 66 став 1 на овој правилник, полицискиот службеник одржува телефонски, односно радио врски со дежурниот полициски службеник во организационата единица каде ги извршува работните задачи, како и со полициските службеници од соседните терени.

Член 77

По извршување на позорната или патролната дејност од страна на полицискиот службеник се пополнува соодветниот извештај од писмената наредба за извршените задачи определени во неа и се изготвуваат поднесоци со соодветни прилози за преземените мерки и активности.

Извештајот од став 1 на овој член се поднесува веднаш, а другите поднесоци може да се изготват и достават најдоцна 24 часа по извршување на дејноста.

2. Одржување на јавен ред и мир на јавни собири, јавни приредби и спортски манифестации

Член 78

Заради непречено одржување на јавен собир, јавна приредба и спортска манифестација (во натамошниот текст: собир) и преземање на мерки за заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, одржување на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот на патиштата, Полицијата соработува со организаторот на собирот.

Член 79

За одржување на јавниот ред и мир на собирот по пријава од организаторот или по дознавање, Полицијата организира вонредно обезбедување и постапува согласно членовите 205 и 206 од овој правилник.

Член 80 – **се брише**

Член 81

Во случаите кога организаторот нема да ги преземе потребните мерки за безбедно одржување на собирот, од страна на одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир ќе се побара од организаторот на собирот дополнително да ги преземе овие мерки.

Ако на собирот дојде до нарушување на јавниот ред и мир, загрозување на животот, здравјето, безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните, ако на собирот се врши или поттикнува вршење на кривични дела или ако се загрозува животната средина, од страна на одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир, ќе се побара од организаторот на собирот да го прекине неговото одржување и ќе се повикаааат присутните граѓани мирно да го напуштат местото на одржување на собирот.

Во случај кога организаторот нема да постапи по барањето од став 2 на овој член, одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир ги презема сите потребни мерки за воспоставување на нарушениот јавниот ред и мир, спречување на вршење кривични дела или прекинување на собирот.

Член 82

Во вршењето на работите од член 81 став 2 на овој правилник, полициските службеници превземаат мерки за насочување на движењето на присутните граѓани и нивно спречување да пристапуваат кон определени простори или објекти; нивно оддалечување од местото на собирот; фаќање на учесниците во нарушување на јавниот ред и мир, како и на сторителите на казниви дела.

Член 82-а

Во случај кога нарушениот јавен ред и мир при обезбедувањето на собирот од членот 78 од овој правилник, не може да се воспостави без ангажирање на организациските единици од Одделот за посебни единици (во натамошниот текст: посебните единици), од страна на одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир, се издава наредба на одговорниот полициски службеник на посебните единици, да ги преземе потребните мерки за воспоставување на нарушениот јавен ред и мир.

По добивањето на наредбата од ставот 1 на овој член, од страна на одговорниот полициски службеник на посебните единици се определува начинот, односно тактиките и методите, како и средствата кои ќе се употребат за воспоставување на нарушениот јавен ред и мир.

За преземање на потребните активности за воспоставување на нарушениот јавен ред и мир во врска со потиснувањето и разделувањето на спротивставените групи кои го нарушиле јавниот ред и мир, како и во врска со правците, објектите и просторот на нивно потиснување и разделување, од страна на одговорниот полициски службеник на посебните единици се известува

одговорниот полициски службеник за одржување на јавниот ред и мир, заради координирање на потребната соработка со полициските службеници од другите надлежни организациски единици.

По воспоставувањето на нарушениот јавен ред и мир од страна на одговорниот полициски службеник на посебните единици се известува полицискиот службеник за одржување на јавниот ред и мир.

За преземените мерки односно методи, тактики и средства по завршувањето на активноста од страна на одговорниот полициски службеник на посебните единиците се поднесува извештај до непосредниот раководител.

3. Асистенција

Член 83

По поднесено писмено барање од страна на надлежен орган, заради спроведување на извршна одлука, доколку при спроведувањето на извршувањето се наиде или оправдано може да се очекува наидување на физички отпор, како и по барање за асистенција предвидена со посебен закон или по барање на државни органи, институции што вршат јавно овластување и правни лица, во врска со обезбедување на транспорт на пари и други вредносни пратки, односно предмети од вредност, а по претходно склучен договор со подносителот на барањето, Полицијата укажува помош (асистенција).

Оправдано може да се очекува наидување на физички отпор во случаите кога при спроведување на извршната одлука е наидено на отпор или кога постојат сериозни закани за загрозување на личната сигурност на службеното лице кое го спроведува извршувањето.

Барањето од ставот 1 на овој член кое се поднесува заради укажување асистенција за спроведување на извршна одлука, содржи податоци за: причините поради кои се бара укажувањето на асистенција; извршните дејствија кои ќе бидат преземени од страна на надлежен државен орган, односно лицата кои со посебен закон се овластени да го спроведат

извршувањето; начинот, датумот, времето и адресата на која истите ќе се преземаат.

Член 84

Во давањето на асистенција за спроведување на извршна одлука, учествуваат потребен број на полициски службеници, а доколку се ангажирани поголем број полициски службеници, се изготвува посебен план за начинот на давање на асистенцијата за кој одлучува раководителот на надлежната организациска единица и за истото навремено се известува неговиот подносител.

При давањето асистенција од ставот 1 на овој член, полициските службеници со своето присуство овозможуваат непречено спроведување на извршувањето, при што може да применат соодветни полициски овластувања.

Член 85

За извршената асистенција од член 84 став 1 од овој правилник одговорниот полициски службеник составува записник кој содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на записникот, називот на организационата единица која ја дава асистенцијата; времето и местото на извршување; бројот на барањето за асистенција; местото, часот и називот на организационата единица која ја извршила асистенцијата; бројот на ангажирани полициски службеници; вкупно реализирани работни часови; бројот на употребени службени возила и вкупно поминати километри; трошоците (дневници, исхрана и слично), личните податоци за одговорниот полициски службеник и за овластеното лице-претставник на барателот на асистенцијата кои го потпишуваат, како и констатација дека истиот се изготвува во три примероци од кои едниот се предава на овластеното лице - претставник на барателот на асистенцијата, (Образец бр.29).

Трошоците за асистенција се определуваат врз основа на записникот од став 1 на овој член и се наплатуваат од барателот на асистенцијата.

4. Вршење работи во средствата и објектите на јавниот сообраќај

Член 86

Полициските службеници вршат определени работни задачи во средства и објекти на јавниот сообраќај.

Раководниот полициски службеник на надлежната организациона единица на Полицијата, во договор со одговорното лице во правното лице во чии објекти и средства на јавен сообраќај се вршат работните задачи од став 1 на овој член, обезбедува соодветни простории потребни на полициските службеници за нивно извршување.

Член 87

Полицискиот службеник кој врши работи во средства и објекти на јавниот сообраќај, покрај редовните работни задачи, во посебни случаи презема и неопходни мерки за:

-укажува на помош на повредени лица во сообраќајна незгода; известување за незгодата до надлежната организациона единица на Полицијата и до најблиската здравствена установа доколку има повредени лица, како и обезбедување на местото на настанот;

- остварување комуникација и соработка со полициските службеници кои вршат работи во попатните објекти на јавниот сообраќај и

– укажување потребна помош на службените лица во средствата и објектите во јавниот сообраќај за одржување на јавен ред и мир или за воспоставување на истиот ако е нарушен, како и за почитување на прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Член 88

Ако полицискиот службеник во средствата или објектите на јавниот сообраќај пронајде лице кое треба да се задржи или приведе, истото му го предава на полицискиот службеник кој врши работи во првиот

попатен објект на јавниот сообраќај, освен ако е потребно лицето да се спроведе до некое друго место.

За предавањето од став 1 на овој член полицискиот службеник составува записник.

5. Надзорно-инструктивна дејност

Член 89

Надзорно – инструктивната дејност на организациските единици на Полицијата, се реализира на две нивоа.

Надзорно - инструктивната дејност тековно се врши преку одговорниот полициски службеник во Секторот за внатрешни работи согласно неговата надлежност, врз основа на претходно изготвен план кој може да се менува и дополнува во зависност од безбедносната состојба на определено подрачје и од утврдената состојба во извршувањето на делокругот на работа на полициските станици од општа надлежност.

Надзорно – инструктивната дејност во форма на стручен или генерален надзор се врши согласно прописите за полиција.

Член 90

За извршената тековна надзорно-инструктивната дејност се изготвува службена белешка во која се внесуваат податоци за утврдената состојба, како и за мерките кои се превземени или е потребно да бидат преземени од страна на полициските службеници.

Со службената белешка од став 1 на овој член се запознава началникот на Секторот за внатрешни работи на чие подрачје истата е реализирана.

IV. СПРЕЧУВАЊЕ НА ВРШЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА И ПРЕКРШОЦИ

1.Остварување на општата превенција

Член 91

Полициските службеници, заради спречување на вршење на кривични дела и на прекршоци, преземаат

планирани и организирани мерки за утврдување на причините кои условуваат криминални и асоцијални однесувања.

Член 92

Согледувањето на феноменолошките и манифестационите облици на криминално однесување се врши преку нивно континуирано следење и анализирање на истите, со цел соодветно и ефикасно насочување на превентивната активност.

Член 93

Општата превенција се остварува преку:

- квалитетно материјално документирање на криминални и асоцијални однесувања;
- вклучување на други институции или субјекти кои остваруваат воспитно-образовни, социјално-хуманитарни, старателски и други слични цели, заради превземање на заеднички превентивни активности;
- создавање на граѓански советодавни групи на подрачје на определена полициска станица од општа надлежност, со вклучување на претставници на единици на локалната самоуправа или на здруженија на граѓани, со цел да се идентификуваат причините поради кои на локално ниво се јавуваат безбедносни проблеми и соодветно градење на препораки за превентивно планирање на активностите на полициската станица и
- соодветна јавна презентација на практични искуства во врска со успешно спроведување на активностите за превентивно организирање и настапување.

2. Непосредно превентивно дејствување

Член 94

Непосредното превентивно дејствување на полициските службеници е насочено кон:

- прибирање на податоци и информации за одредени состојби, настани и однесувања кои овозможуваат или придонесуваат да дојде до извршување на одредени казниви дела;

- зајакнато и континуирано физичко покривање на пунктови, места, подрачја и одредени средини каде зачестено се вршат одредени казниви дела или може да се очекува нивно извршување.

Задачата се остварува преку вршење на позорна дејност и преку одредување на мобилни превентивни патроли на критични места и во критично време, во состав и број соодветен на конкретните потреби;

- следење на движењето на познати сторители на казниви дела преку вршење на позорна и патролна дејност и вршење на криминалистички работи, со цел спречување и откривање на обиди за повторно извршување на казниви дела;

- набљудување на пунктови, места, простории и јавни објекти, каде се вршат казниви дела со елементи на насилство или се очекува нарушување на јавниот ред и мир, вршење на други кривични дела и прекршоци, со цел да се попречат и идентификуваат нивните сторители. Задачата се остварува со планирање на мерки и активности кои ги преземат полициските службеници, по потреба со примена на соодветни технички средства (фотографски апарати и камери);

- затворање на пристапите на определен простор или објект и ограничување и контрола на движењето, преглед на лица, превозни средства и багаж;

- преземање на организирани активности преку кои ќе се стимулира подигнување на безбедносната култура на граѓаните и преземање на соодветни мерки за сопствена техничка и друга дозволена заштита. За таа цел се организираат и соодветни предавања заради подигнување на сообраќајната култура, укажување на граѓаните дека се потенцијални жртви посебно кај имотните деликти, советување за примена на заштитни уреди, како и запознавање со мерките за заштита од напади на животот и личната сигурност на граѓаните;

- иницирање преку соодветни специјализирани институции и државни органи за превземање на мерки за надминување на причинско-последичните фактори и услови кои овозможуваат да се вршат казниви дела или намалување на нивното влијание и

- јакнење на соработката со органите на единиците на локалната самоуправа и здруженијата на граѓани за сузбивање на асоцијалните појави и однесувања кои имаат рефлексија на безбедносната состојба на подрачјето.

3.Посебни видови на превенција

Член 95

Посебните видови на превенција се определуваат во зависност од предметот на заштита и може да бидат: превенција во областа на крвните деликти и деликти со насилничко однесување; превенција во областа на имотниот криминал; превенција во областа на економскиот криминал; превенција во областа на малолетничката деликвенција, превенција во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата и превенција во областа на организираниот криминал.

3.1. Превенција во областа на крвните деликти и деликти со насилничко однесување

Член 96

Превенцијата од сторување на крвни и други деликти со елементи на насилство се остварува со преземање на превентивни мерки и активности со кои се заштитува животот и лична сигурност на граѓаните, при што се идентификуваат и опасностите кои можат истите да ги загрозат.

Превентивните мерки и активности од став 1 на овој член опфаќаат:

- непосредно проучување на етимологијата на насилничкото однесување (кои причини го продуцираат неговото настанување и потекло, состојби кои му претходеле: нарушени меѓусобни односи, закани, загрозеност на социјалната сигурност на децата поради семејни проблеми, оддавање на алкохолизам, психопатски манифестации и слично);
- иницирање и мобилизирање на сите субјекти и институции заради решавање на прашањата во врска со заштита на животот и личната сигурност;

- непосредно превентивно ангажирање на полициските службеници за преземање на соодветни мерки на физичко оневозможување на напад по животот на граѓаните и остварување увид над околностите кои влијаат (преку контрола на поседувањето и носењето оружје, ладно оружје и други опасни орудија, оперативна контрола над загрозени места, планско обезбедување наместа каде се одржуваат јавни собири, културно-забавни и други јавни манифестации, како и на други јавни простори или простории, непосредна физичка контрола над лица познати како сторители на деликти од овој вид или за кои постојат основи на сомневање дека можат да се појават како такви);

- запознавање на јавноста за подрачјата, местата и објектите каде е зачестено вршење на одредени казниви дела со насилничко однесување, со цел да се иницира соодветно превентивно постапување на граѓаните;

- иницирање и остварување на соработка со останати надлежни служби и институции за преземање на соодветни мерки од нивна надлежност за решавање на конкретни проблеми кои доведуваат до насилство и укажување на можностите за нивно решавање (информирање на социјалните служби, одржување на организирани и планирани средби со здружението на граѓани во училиштата и друго).

3.2. Превенција во областа на имотниот криминал

Член 97

Превентивните активности во спречувањето на имотниот криминал опфаќаат:

- давање совети преку средствата за јавно информирање, со цел укажување на граѓаните на пропустите кои ги чинат при преземање на одредени мерки за заштита на нивниот имот;

- следење на мерките за надворешното обезбедување на објекти од кражби и функционирање на стражарската служба, а за утврдените состојби се иницираат активности за отстранување на недостатоците

(примена на современи сигурносни и алармни уреди при заштита на објекти и имот од кражби) и

- формирање на посебни мобилни единици од полициски службеници кои ќе интервенираат во критично време на критични места каде најчесто се вршат имотни деликти или се очекува нивно извршување.

3.3. Превенција во областа на економскиот криминал

Член 98

Превентивните активности за спречување на економскиот криминал се вршат плански врз основа на конкретни проценки за причините на манифестационите облици на криминалното однесување и опфаќаат:

- истражување на неговите манифестациони облици и утврдување на превентивните мерки кои треба да се применат за негово сузбивање;

- анализа на резултатите од преземените мерки и нивно сообразување со натамошните активности кои е потребно да се превземат заради соодветно справувањето со конкретни облици на овој вид криминал;

- воспоставување на поблиска соработка со финансиските полицајци и царинските службеници за сузбување на економскиот криминал ;

- иницирање на промена и донесување на прописи за регулирање на прашањата во оваа област, врз основа на стекнатите искуства и резултатите од анализите на криминалните однесувања и модалитетите на нивно извршување и

- подигање на јавната свест преку остварување на соработка со јавноста за согледување на штетните ефекти кои произлегуваат од разните облици на економски криминал.

3.4. Превенција во областа на малолетничката деликвенција

Член 99

Превентивните активности за спречувањето на малолетничката деликвенција, се вршат плански, врз основа на конкретни проценки на манифестационите

облици на криминално однесување во кои учесници се малолетните лица, при што опфаќаат:

- известување и поттикнување на соработка со органите за старателство, заради преземање на мерки за отстранување на причините за деликвентното однесување на малолетните лица;
- формирање на групи од претставници на органите за старателство и полициски службеници за малолетничка деликвенција, кои ќе разменуваат податоци и информации околу можностите и начините за превенција од малолетничката деликвенција ;
- идентификување на претводниците на малолетничките криминални групи и нивното издвојување од групата за понатамошно социјално и воспитно згрижување и
- соработка со Државниот совет за превенција од малолетничко престапништво и соработка со локалните совети за превенција од малолетничко престапништво;
- учество на трибини, дебати, медиумски емисии и други активности за подигање на јавната свест во превенцијата на малолетничката деликвенција и
- мултиресорен и координативен пристап во превенцијата на појавите на малолетничката деликвенција.

Превентивните активности во непосредното спречување на малолетничката деликвенција се остваруваат со присуство на полициски службеници на места каде оваа појава е изразена, како и со следење на однесувањето на познати малолетни лица, сторители на казниви дела од страна на полициските службеници за малолетничка деликвенција.

3.5. Превенција во областа на безбедноста на сообраќајот на патишта

Член 100

Превентивното дејствување во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата опфаќа:

- следење на спроведување на прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата и преземање на

мерки за безбедност и заштита на патиштата, како и за безбедност на сите учесници во сообраќајот;

- следење на состојбите на сигурноста во сообраќајот на патиштата, со цел согледување на причините и факторите кои влијаат на безбедноста на патиштата;

- непосредно вршење на контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата;

- контрола на исполнувањето на условите за управување со возила од возачите и исполнувањето на условите за учество во сообраќајот на возилата;

- вршење увид во функционирањето на уредите за регулирање на сообраќајот, обележувањето на патиштата со пропишани знаци и опрема и контрола на состојбите на патиштата;

- преземање на мерки и активности за унапредување на сообраќајната култура на учесниците во сообраќајот како и основните начела на меѓусебните односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот;

- следење на законитоста во работењето на автошколите при оспособување на кандидати за возачи - следење на законитоста во полагањето возачки испит и проверката на оспособеноста на возачите;

- анализа на случени сообраќајни незгоди по време, место, причини, последици и други карактеристики, облици на сообраќајни казниви дела, врз основа на што се дефинираат стратешки долгорочни и среднорочни мерки за намалување на сообраќајните незгоди, материјалната штета и настраданите во нив, како и организирање медиумски кампањи насочени кон конкретни целни групи.

- поставување на полициски патроли на определени места.

- примена на посебни воспитни мерки кон лица кои ги прекршиле сообраќајните правила и прописи утврдени со закон и

- остварување на поповолни услови за безбедноста на сообраќајот на патиштата во општините и градот Скопје преку организирање на сообраќајни патроли на граѓани и училишни сообраќајни единици.

3.6. Превенција во областа на организираниот криминал

Член 101

Превентивните активности во областа на организираниот криминал опфаќаат преземање на системски и планирани мерки за:

- утврдување на стратегија за борба против организираниот криминал, утврдување на неговите манифестациони облици и средините во кои е присутен ;
- дефинирање и препознавање на индикаторите кои поединечно или заедно ги идентификуваат делата од овој вид, како и нивните извршители, како и изготвување на стратешки проценки за организираниот криминал;
- прибирање на податоци и информации за постоење на организиран криминал и нивна заедничка обработка, изготвување на анализа на ризик од организираниот криминал во соработка со други надлежни државни органи;
-истражување на појавните форми на организиран криминал и неговите носители, како и основот за нивното здружување (етничка солидарност, ист јазик, обичаи, социјална и фамилијарна блискост, внатрешна организациска структура на криминалните групи или организации);
- утврдување на видовите на дејностите во кои најчесто се манифестира организираното криминално дејствување, како што се: недозволената трговија и криумчарењето со опојни дроги, оружје, злато и скапи возила, подведување, проституција, трговија со луѓе или делови од човечко тело, илегалните игри на среќа, изнудување на пари за заштита која не се бара (рекет), недозволено посредување за вработување, илегално пренесување преку граница на луѓе и стока, фалсификување на ознаки на стоки, измами при осигурување и вложување на капитал, затајување на царински давачки и даноци, фалсификување на пари, злоупотреба и фалсификување на платежни картички, неовластено навлегување и оштетување на компјутерски систем, компјутерски измами, детска порнографија и организирано вршење на тешки или разбојнички кражби;

- оперативно односно криминалистичко разузнавачко осознавање на подготовките и планирањето за извршување на кривични дела со обележја на организиран криминал, начинот на извршување на делото и натамошното користење на средствата стекнати од организиран криминал, како и начинот на внатрешна и надворешна заштита на организаторите и извршителите;

- остварување на редовна комуникација со други надлежни државни органи на национално и меѓународно ниво, со цел размена на информации, со цел навремено проценување на можниот развој на состојбите и заедничко настапување во превземањето на мерките за откривање, документирање и сузбивање на организираниот криминал; пренесување на стекнати искуства, сознанија и искуства во примената на средствата и методите; воспоставување и остварување на практична соработка;

- подигање на јавната свест преку медиумска кампања и остварување на соработка со јавноста, јавниот и приватниот сектор, невладини организации за согледување на штетните ефекти кои произлегуваат од разните облици на организиран криминал.

V. ОТКРИВАЊЕ И ФАЌАЊЕ НА СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

1.Почетни сознанија за извршено кривично дело

Член 102

При постоење на основи за сомневање дека е извршено кривично дело за кое се гони по службена должност полициските службеници без одлагање по писмен пат го известуваат јавниот обвинител и преземаат потребни мерки за:

- да се пронајде сторителот на кривичното дело, односно да се оневозможи сторителот или соучесникот да се сокрие или побегне;

- да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што може да послужат како доказ во кривичната постапка и

- да се соберат известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка.

Член 103

Полициските службеници, до почетни основи за сомневање дека е извршено кривично дело доаѓаат преку:

- непосредно забележување при спроведување на полициски овластувања;
- сознанија добиени со примена на посебни истражни мерки и прикриени извори на податоци;
- усмени пријави од оштетен, сведок или други граѓани;
- пријави поднесени во писмена форма;
- поднесени пријави по телефон или други средства за комуникација;
- писмена анонимна или псевдонимна пријава од непознати граѓани;
- пријавување на кривичен настан по службена должност од страна на надлежните државни органи и
- на друг начин.

Член 104

Независно на кој од начините утврдени во член 103 на овој правилник се утврдени основите за сомневање дека е извршено к ривично дело, полициските службеници пристапуваат кон нивна анализа, проверување и оценување од аспект дали е потребно итно да се преземат оперативно- тактички односно криминалистичко разузнавачки или криминалистичко-технички мерки или пак истражни дејствија за кои се известува јавниот обвинител.

Првична проверка за постоење на основи за сомневање и елементи за настанот се врши со излегување на местото на настанот, односно упатување на полициски службеници на местото каде е извршено кривичното дело, заради обезбедување на тоа место и извршување проценка за мерките и дејствијата што треба да се

преземат за документирање на настанот, пронаоѓање и обезбедување на трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ.

Основите на сомневање, полициските службеници ги проверуваат и преку прибирање на известувања од граѓани кои можат да дадат известувања за кривичното дело.

Член 105

Доколку се утврди постоење на основи за сомневање дека е извршено кривично дело и дека за утврдување на фактичката состојба треба да се врши увид, вештачење или собирање известувања од лицата на местото на настанот, а е веројатно дека тоа подоцна не би можело да се изврши или би ја оддолжило постапката или дека ќе предизвика други потешкотии, полицискиот службеник, по телефон или на друг погоден начин ќе го извести јавниот обвинител.

Член 106

За применото почетно сознание дека е извршено кривично дело, за излегувањето на местото на настанот и за известувањето на јавниот обвинител, полицискиот службеник изготвува службена белешка.

2. Вршење на увид на обезбедено место на настан

Член 107

Кога полицискиот службеник ќе дознае за извршено кривично дело или настан поради што треба да излезе на местото на настанот за да изврши увид, претходно ќе преземе мерки за обезбедување на местото на настанот согласно член 55 на овој правилник.

Член 108

Место на настанот на кое се врши увид претставува местото каде е сторено кривичното дело, местото каде што се случиле последиците од стореното кривично дело, како и секое друго место на кое можат да се најдат траги и предмети кои можат да помогнат во расветлувањето на кривичното дело.

Член 109

За постапувањето согласно член 107 на овој правилник, веднаш се известува јавниот обвинител.

Полицискиот службеник изготвува службена белешка за известувањето од став 1 на овој член, во која се внесуваат податоци за начинот на извршеното известување, името и презимето на јавниот обвинител кој е известен, како и времето на неговото доаѓање на местото на настанот.

Член 110

Ако јавниот обвинител не е во можност веднаш да излезе на местото на настанот, полициските службеници по негово овластување може да отпочнат со вршење на увидот.

Кога јавниот обвинител ќе пристигне на местото на настанот во текот на вршењето на увидот го превзема истиот, при што полицискиот службеник го запознава со дотогаш извршените дејствија и преземените мерки.

Член 111

Доколку од преземените мерки и дејствија од член 110 став 2 на овој правилник се утврди дека не се работи за кривично дело, полициските службеници ќе изготват службена белешка за извршениот преглед на местото на настанот.

Член 112

Кога увидот го вршат полициски службеници, за неговото извршување составуваат записник (Образец бр.30) кој содржи податоци за:

- називот на организациската единица на Полицијата, кога и каде е извршен увидот, за полициските службеници кои го вршеле и за другите учесници во него;
- причините поради кои е излезено на местото на настанот, за известувањето на јавниот обвинител, за лицето односно лицата кои присуствувале при вршење на

увидот и во кое својство, дали местото на настанот било обезбедено и од кого;

- описот на местото на кое се врши увидот; за атмосферските и светлосните услови за време на вршењето на увидот;
- идентитетот на лицата затечени на местото на настанот;
- општ изглед на местото на настанот, основни димензии на објектот и предметите, нивната меѓусебна положба и оддалеченост;
- опис на трагите и предметите што можат да послужат како доказ;
- кои предмети се привремено одземени и број на издадената потврда за привремено одземените предмети;
- кои криминалистичко-технички мерки и дејствија за фиксирање на местото на настанот и откривање на трагите и предметите на кривичното дело се преземени од криминалистички техничар;
- податоци за преземени дејствија на вештаците доколку истите се повикани;
- последици кои настанале на местото на настанот (смрт,телесни повреди, материјална штета и останато);
- податоци за тоа дали лицата кои присуствувале на увидот имале било каква забелешка во однос на истиот, од каква природа се забелешките и по чија иницијатива се внесени во записникот и
- време на прекинување, продолжување и завршување на увидот.

Во записникот од став 1 на овој член не се внесуваат претпоставки и оценки за одговорноста на учесниците во настанот.

Член 112-а

Кога полициските службеници вршат увид на место на сообраќајна незгода, за извршениот увид составуваат записник за извршениот увид на место на сообраќајна незгода, кој содржи:

- називот на организациската единица на Министерството за внатрешни работи;
- податоци за случената сообраќајна незгода;
- место на сообраќајната незгода;
- околности во сообраќајот;
- опис на сообраќајната незгода;
- податоци за возилото;
- учесник во сообраќајна незгода;
- карактеристики на сообраќајната незгода и
- останати податоци.

Податоците за возилото и за учесниците во сообраќајната незгода се внесуваат во записникот од став 1 на овој член поединечно за секое возило и учесник во сообраќајната незгода, односно рубриките 5 и 6 од записникот се повторуваат онолку пати колку што има возила и учесници во сообраќајната незгода.

Записникот од став 1 на овој член е даден на Образец број 30-а, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 113

Доколку на местото на настанот е извршено мерење, снимање, цртање, скицирање, фотографирање или се изготвени посебни планови, тие се приложуваат како составен дел на записникот за извршениот увид.

Член 114

Записникот за извршениот увид по правило треба да се состави и да се потпише на местото на настанот. Ако нема услови тој да се изготви во електронска форма на местото на настанот, истиот може да се состави и рачно, со тоа што дополнително ќе се изработат потребен број заверени преписи на записникот.

Записникот за извршениот увид го потпишува полициският службеник кој го организирал вршењето на увидот.

Член 115

Кога увидот го врши јавен обвинител, полициското службеник кој учествува во истиот, изготвува службена белешка за извршениот увид.

3. Вршење на увид на обезбедено место при настанати тешки сообраќајни, железнички и авионски незгоди или природни непогоди и други несреќи

Член 116

Во случаи на тешки сообраќајни, авионски или железнички незгоди или природни непогоди и други несреќи, началникот на Секторот за внатрешни работи, врз основа на проценетата состојба, веднаш формира екипи од полициски службеници за организирање и превземање на потребните мерки и дејствија.

Доколку расположливиот капацитет од човечки ресурси и техничка опременост на Секторот од став 1 на овој член, не се доволни за соодветно постапување во настанатата состојба, началникот на Секторот за внатрешни работи веднаш ќе побара соодветна помош од раководителот на непосредно повисоката надлежна организациска единица во Бирото за јавна безбедност.

Член 117

Полициските службеници кои први ќе пристигнат на местото на настанот, итно превземаат мерки за укажување на помош на повредените и настраданите, а потоа го обезбедуваат местото на настанот, оневозможуваат поместување на предмети, возила, лешеви или уништување на трагите, потоа преземаат мерки за обезбедување услови за непречено одвивање на сообраќајот, спречување настанување на пожар, експлозија, загадување и труење на луѓето и животната средина.

Полициските службеници, по пристигнувањето на местото на настанот, непосредно преземаат и криминалистичко-технички мерки и дејствија што не трпат одлагање, односно пошироко пребарување на

местото на настанот откако истото ќе се организира по сектори; создавање услови за згрижување и давање помош на повредените; отпочнуваат со обележување на лешевите и предметите, пронаоѓање и фиксирање на трагите со фотографирање, скицирање и со примена на аудио-визуелни средства.

Член 118

При вршење на увид, полициските службеници преземаат мерки за утврдување на идентитетот на лешевите, самостојно или со стручни лица по судска медицина.

Лешевите кои на местото на настанот не можат да се идентификуваат, се носат на соодветно место заедно со предметите кои можат да послужат за идентификација, при што истите се посебно означени.

Предметите кои се најдени покрај лешот или во негова непосредна близина, по правило не се одделуваат од него, а доколку се одделат, истите целосно се опишуваат и се обележуваат со идентификациони ознаки кои овозможуваат лесно поврзување со конкретен леш.

Во случајот од став 2 на овој член се забележуваат и фиксираат карактеристичните знаци на предметите кои можат да послужат за идентификација (фабрички и сериски броеви, монограми и слично).

Предметите кои се најдени одвоени од лешот и за кои не може да се утврди на кого припаѓаат, се обележуваат спрема најблискиот леш, се опишуваат и фотографираат во затечената состојба, а потоа се стават во соодветна амбалажа на која се става видлив идентификационен број.

4. Вештачење

Член 119

Полициските службеници преземат вештачења за кои се надлежни само:

- при вршење увид на местото на настанот кога јавниот обвинител кој бил известен не е во можност веднаш да дојде на местото на настанот или

- ако јавниот обвинител им препушти вршење на истражни дејствија на полициските службеници.

Полициските службеници може писмено да предложат вршење на вештачења, ако истите подоцна не можат да се извршат успешно или ако условите налагаат итно вршење на вештачење.

Член 120

Одредени вештачења се вршат во соодветни лаборатории во надлежната организациска единица за криминалистичко-технички испитувања и вештачења во Бирото за јавна безбедност.

Во случај кога за одредено вештачење Полицијата не располага со потребна лабораторија и со соодветни услови за самостојно да го изврши вештачењето, може да побара мислење или наод од стручни органи, служби или лица кои не се постојани вештаци, одредени од судот во согласност со принципите на стручност и научно верифицирана методологија.

За преземеното вештачење за време на вршење на увидот, полицискиот службеник во записникот за извршениот увид ќе ги наведе задачите што му биле поставени на вештото лице.

Член 121

Наодот и мислењето од извршеното вештачење се доставуваат на јавниот обвинител, во прилог на кривичната пријава или дополнително.

VI. ПРИМАЊЕ НА КРИВИЧНА ПРИЈАВА, ПОДНЕСУВАЊЕ НА КРИВИЧНА ПРИЈАВА И ИЗВЕСТУВАЊЕ

1.Примање на кривична пријава

Член 122

Полициските службеници примаат кривични пријави за сторени кривични дела за кои се гони по службена должност, поднесени од оштетен, сведок или друг граѓанин, за што без одлагање го известува јавниот обвинител.

Во случај кога е неопходно без одлагање да се преземат одредени мерки и дејствија (да се излезе на местото на настанот, да се обезбеди местото на настанот, да се приберат докази, да се сочуваат трагите од кривичното дело, предметите врз основа на кои или со помош на кои е сторено кривичното дело) кривичната пријава ќе се достави на јавниот обвинител непосредно по преземањето на тие мерки и дејствија.

Член 123

За примена кривична пријава се смета секое известување примено писмено или усно, со цел да се укаже на постоење на сторено кривично дело за кое се гони по службена должност.

Ако кривичната пријава се поднесува усно, подносителот се предупредува за последиците од лажно пријавување согласно закон.

Во кривичната пријава не се внесува содржината на изјавите што одделни граѓани ги дале при собирање на известувања.

Член 124

Ако од примената кривична пријава и од собраните известувањата во врска со настанот се оцени дека не постојат основи за сомневање дека е извршено кривично дело, полицискиот службеник ќе превземе мерки за разјаснување на фактичката состојба, при што води сметка да не им наштети на угледот и честа на лицето на кое се однесуваат собраните известувања.

2. Поднесување на кривична пријава

Член 125

Во случај кога по поднесената кривична пријава од член 122 став 1 на овој правилник, врз основа на собраните известувања и другите преземени мерки и дејствија за нивно потврдување и документирање, се утврдидека постојат основи на сомневање дека е извршено кривично дело за кое се гони по службена должност, полицискиот службеник составува кривична

пријава против познат, односно непознат сторител која се доставува до надлежниот јавен обвинител.

Кон кривичната пријава од став 1 на овој член се доставуваат и предмети, скици, фотографии, прибавени извештаи, списи за преземените мерки и дејствија, службени белешки и други материјали кои можат да бидат корисни за успешно водење на постапката, како и податоци за местото каде што се чуваат одземените средства и предмети ако не се доставени (депонирани, на вештачење во Полицијата и слично).

Член 126

Кривичната пријава содржи битни податоци и докази за стореното кривично дело, неговиот сторител, преземените мерки и дејствија и мерки и дејствија што ќе бидат преземени.

Член 127

Во кривичната пријава која се поднесува против познат сторител (Образец бр.31), се внесуваат податоци за:

- називот на организациската единица на Полицијата која ја поднесува кривичната пријава со назначен број од кривичниот уписник;
- личното име на лицето против кое се поднесува кривичната пријава, негов прекар, име и презиме на неговите родители, датум и место на раѓање, живеалиште или престојувалиште, број на лична карта или патна исправа, единствен матичен број, занимање, вработување, вид на образование, националност и државјанство;
- што се случило, каде, кога и како е извршено кривичното дело, зошто, со што, како и за објект на кривичното дело;
- факти врз основа на кои е заклучено дека постојат основи на сомневање дека е извршено кривично дело;
- преземените дејствија на местото и надвор од местото на настанот, согласно Законот за кривичната постапка и овој правилник и

- прилозите кои се доставуваат заедно со кривичната пријава од член 125 став 2 на овој правилник.

Член 128

Во кривичната пријава која се поднесува против непознат сторител (Образец бр.32), покрај податоците од член 127 алинеи 1, 3, 4, 5 и 6 на овој правилник се внесуваат и податоци за:

- правната квалификација на делото за кое се поднесува кривичната пријава и
- личното име на оштетениот, датум и место на раѓање и живеалиште или престојувалиште.

Член 129

Кривичните пријави од членовите 127 и 128 на овој правилник се потпишуваат од страна на раководниот полициски службеник на надлежната организациска единица на Полицијата или од него овластен полициски службеник.

3. Давање известување

Член 130

Во случај кога е примена пријава или се добиени сознанија за постоење на основи на сомневање дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, полициските службеници без одлагање доставуваат писмено известување до јавниот обвинител кое содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на известувањето, датумот и часот кога е дадена пријавата, име и презиме на лицето кое ја дало пријавата, назив на организациска единица во која е дадена пријавата, број на пријавата и правната квалификација за кривичното дело според Кривичниот законик, име и презиме на лицето против кое е дадена и бројот на Записникот за примање на пријава, начинот на кој е дадена пријавата (лично, преку телефон или друго средствои за комуникација), бројот на записникот, односно службената белешка за примање на пријава, кривичното дело за кое е поднесена, име и презиме на полициските

службеници и назив на организациската единица, податоци во врска со не/извршен увид на местото на настанот, како и датум, име и презиме и телефонски број на кој е известен јавниот обвинител и место за печат и потпис на полициски службеник (Образец бр. 33).

Во случај кога по поднесување на кривичните пријави од членовите 126 и 127 од овој правилник, полициските службеници дополнително дознаат за нови околности, докази или траги од кривичното дело, ги собираат потребните известувања и за тоа веднаш доставуваат писмено известување до јавниот обвинител, кое содржи: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на известувањето, податоци за нови околности, докази или траги од сторено кривично дело и место за потпис и печат на полициското службеник (Образец бр. 34).

Полициските службеници постапуваат согласно ставот 2 на овој член и по добиена наредба или насоки на јавниот обвинител, најдоцна 30 дена од приемот на наредбата.

VII. ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

1. Регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата

Член 131

Заради безбедност и заштита на патиштата, почитување на правилата на сообраќајот на патиштата од страна на учесниците во сообраќајот, спречување на вршење на казниви дела против безбедноста на сообраќајот, како и откривање на нивните сторители и превземање на соодветни мерки, полициските службеници вршат регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата.

За вршење на полициските работи од ставот 1 на овој член, од страна на лицата определени во член 138 став 2 од овој правилник се издава писмената наредба од член 73 став 3 од овој правилник.

Во вршењето на полициските работи од став 1 на овој член полициските службеници на учесниците во

сообраќајот им укажуваат и соодветна помош, заради поголема безбедност на сообраќајот на патиштата.

Полициските службеници при регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата, може да превземат и други соодветни полициски овластувања.

Член 132

Регулирање на сообраќајот на патиштата претставува давање на пропишани знаци или наредби од страна на полициските службеници на учесниците во сообраќајот.

Полициските службеници при регулирањето од став 1 на овој член застануваат на доволна оддалеченост од патот и се јасно видливи за учесниците во сообраќајот.

Знаците и наредбите од став 1 на овој член се даваат јасно, на пропишан начин, за да може недвосмислено да се заклучи на кој учесник во сообраќајот се однесуваат.

Член 133

Регулирањето на сообраќајот на крстосница или на други места на патот се врши во определено време во текот на денот или постојано.

Регулирањето на сообраќајот од став 1 на овој член се врши со непосредно давање на пропишани знаци на учесниците во сообраќајот од страна на полицискиот службеник, со употреба на уреди со кои се даваат светлосни сообраќајни знаци или комбинирано.

Член 134

Контрола на сообраќајот се врши на патиштата, возилата, возачите и другите учесници во сообраќајот.

Контролата на сообраќајот на патиштата се врши со набљудување на возилата во движење или со нивно запирање и задржување на погодни места на патот.

Контролата на сообраќајот најчесто се врши на делници и места на патот на кои зачестено се случуваат казниви дела со кои се загрозува неговата безбедност.

Член 135

Контрола на сообраќајот врши патрола составена од најмалку двајца полициски службеници.

По исклучок од став 1 на овој член, дење и во услови на редок сообраќај, контрола на сообраќајот може да врши и еден полициски службеник.

Член 136

Контролата на сообраќајот се врши на патролен реон, патролен терен и сообраќајно место.

Патролен реон опфаќа пат или негов дел или повеќе патишта кои претставуваат сообраќајна целина и чија должина не е поголема од 60 км.

Патролен терен опфаќа пат или дел од пат во и надвор од населено место кој претставува сообраќајна целина и чија должина овозможува контролата на сообраќајот да се врши со една патрола.

Сообраќајно место опфаќа дел од патролниот реон на кој полициските службеници вршат регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата и истото е посебно определено како такво.

Член 137

Контролата на сообраќајот на патиштата се врши постојано или повремено.

Постојаната контрола на сообраќајот претставува покриеност на патот со патроли кои вршат контрола непрекинато во текот на 24 часа.

Повремената контрола на сообраќајот се врши во определен ден во неделата или во определено време во текот на денот.

Бројот на патролите, односно интензитетот на контролата во текот на денот или неделата, како и должината на патролните реони и патролните терени, се определува во зависност од густината на сообраќајот, бројот на сторени казниви дела против безбедноста на сообраќајот, како и од состојбата и карактеристиките на патот.

Член 138

Контролата на сообраќајот се врши пешки, со велосипед, со службени возила, со мотоцикли или со хеликоптери.

Во зависност од временските услови, должината на делницата, тактиката, методологијата на работа и други релевантни околности, командирот на полициската станица за безбедност на сообраќајот на патиштата, командирот на полициската станица од општа надлежност на чие подрачје се врши контрола на сообраќајот, односно командирот на полициското одделението за безбедност на сообраќајот на патиштата во таа полициска станица или полицискиот службеник овластен од него, утврдува еден од начините од став 1 на овој член за вршење на контролата.

Член 138-а

По извршување на работите за безбедност на сообраќајот на патиштата полицискиот службеник постапува согласно член 77 став 1 од овој правилник.

1.1. Контрола на патишта

Член 139

Полицискиот службеник при вршење на регулирањето и контролата на сообраќајот на патиштата внимава дали на патот се поставени сообраќајни знаци потребни за безбедно и непречено одвивање на сообраќајот, дали на патот се поставени сообраќајни знаци што повеќе не ја оправдуваат својата функција и дали сообраќајните знаци и нивното поставување е на пропишан начин.

Писмен предлог за преземање на соодветни мерки од став 1 на овој член, се доставува до надлежната организациска единица на Полицијата.

Член 140

Кога при вршење на контрола на сообраќајот на патиштата ќе се констатираат недостатоци во одржувањето на патиштата кои оневозможуваат одвивање на безбеден и непречен сообраќај на патот, за

тоа се известува правното лице надлежно за одржување на патот.

Во случај кога на патот ќе настапи непосредна и ненадејна опасност за учесниците во сообраќајот, веднаш се врши известување на правното лице од став 1 на овој член.

Недостатоци на патот од став 1 на овој член се:

- одрони на камења или земја на патот;
- одронување на насип на патот поради што дошло до осетно стеснување на истиот или намалување на неговата носивост;
- ударни дупки и опасни вдлабнатини, односно испакнатини на патот;
- непостоење на уреди и опрема на определени места на патот неопходни за безбедноста на сообраќајот (оградни ѕидови, одбојни огради, светлосни и други ознаки на местата каде се изведуваат работи на патот и објекти-тунели, крстосници и други прописно бојадисани и означени објекти на патот и покрај него и слично);
- оштетувања или дотраеност на сообраќајните знаци поставени на патот;
- неодржување на патот во зимски период во состојба која овозможува безбеден сообраќај (лизгав, нерасчистен пат и слично);
- дотраеност или оштетување на мост што ја намалува безбедноста на сообраќајот;
- растурено масло, нафта, скршено стакло и слично на патот и
- оставени возила и други предмети на патот.

1.2. Контрола на возила

Член 141

Контрола на возила се врши заради утврдување дали возилото е регистрирано и дали ги исполнува потребните услови во поглед на опремата и товарот согласно прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата и прописите за возила.

Контрола на возила се врши визуелно или со користење на контролно-мерни инструменти.

Член 142

При вршење на контролата од член 141 став 2 на овој правилник, полициският службеник бара од возачот да му покаже важечка сообраќајна дозвола, односно важечка потврда за пробно возење.

Исправите од став 1 на овој член полициският службеник ги бара и кога е потребно да изврши увид врз бројот на шасијата на возилото.

При увидот од став 2 на овој член, полициският службеник ги споредува податоците на возилото со соодветните податоци во сообраќајната дозвола, односно потврдата за пробно возење.

Член 143

Полициските службеници вршат контролни прегледи на уредите и опремата на возилото, заради утврдување на нивната техничката исправност, согласно прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата и прописите за возила.

Заради утврдување дали товарот во возилото е правилно распореден и сместен, дали одговара на пропишаната носивост и димензии, како и дали ги загрозува или попречува другите учесници во сообраќајот, полициските службеници вршат контрола и преземаат потребни мерки за отстранување на утврдените неправилности.

Член 144

Полициските службеници при вршење на контрола на возило, истото го задржуваат кратко време и на барање од возачот му се издава потврда за времето за кое возилото било задржано, доколку задржувањето траело подолго од 15 минути.

Наредбата од ставот 1 на овој член содржи податоци за: назив на организациската единица, број, датум и место на издавање на наредбата; датум, временски период и местото на задржување на возилото; вид/ марка/ тип и број на регистарска таблица на возилото; име и презиме и број на возачка дозвола на возачот, причина за запирањето; на чие барање се издава

потврдата и место за печат и потпис на полицискиот службеник (Образец бр.35) .

Член 145

Ако при вршење на контрола на возилото, полицискиот службеник утврди дека се исполнети условите за исклучување на возилото од сообраќај, исклучувањето ќе го изврши на следните начини со:

- издавање наредба на возачот за прекинување на понатамошното движење со возилото или отстранување на возилото од патот додека постојат причини поради кои возилото е исклучено од сообраќај, односно до определеното време;
- издавање наредба на возачот да го одвезе возилото со потребни мерки на претпазливост, а по потреба под надзор на полицискиот службеник, до најблиското место каде што ќе може да се отстранат неправилностите на истото или на товарот;
- привремено одземање на сообраќајната дозвола и регистарските таблици и
- заклучување на возилото.

Член 146

Ако возилото што е исклучено од сообраќај, остане на пат без потребен надзор, а постои опасност на возилото или на товарот да му биде причинета штета, полицискиот службеник превзема мерки за негово отстранување од патот, со цел да се однесе на сигурно место на трошок на сопственикот, односно на носителот на правото на користење на возилото.

1.2-а Контрола на посебно опремено возило за транспорт на пари и други вредносни пратки и на работникот за обезбедување кој го управува возилото

Член 146-а

При вршење контрола на посебно опремено возило за транспорт на пари и други вредносни пратки и на работникот за обезбедување кој го управува возилото (во натамошниот текст: контрола), од страна на полициски службеник се запира возилото кое го врши

транспортот, а работникот за обезбедување не го гаси моторот на возилото, ниту излегува од возилото.

По запирањето, вратата на возилото останува заклучена, а работникот за обезбедување го известува полицискиот службеник за транспортот со покажување на Наредба за транспорт преку предното ветробанско стакло на возилото.

По извршениот увид во Наредбата за транспорт, од страна на полицискиот службеник преку радио врска се најавува вршењето на контрола во дежурната служба на надлежната организациска единица на подрачјето каде се врши контролата, на начин што се даваат податоци за видот, марката и бројот на регистарските таблици на возилото, како и за местото и времето на вршење на контролата.

Полицискиот службеник се легитимира на барање на работникот за обезбедување, кој може да се јави и на повикувачкиот број на Полицијата заради проверка на податоците за полицискиот службеник.

Полицискиот службеник ја врши контролата од ставот 1 на овој член на начин и согласно постапка утврдена со закон и подзаконски прописи од областа на безбедност во сообраќајот на патиштата и возила.

По извршената контрола полицискиот службеник се одјавува во дежурната служба од ставот 3 на овој член.

1.3. Контрола на возачи и други учесници во сообраќајот

Член 147

Контрола на возачи се врши заради утврдување дали тие поседуваат соодветни исправи и дали ги исполнуваат другите услови согласно прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата.

За вршење на контролата од став 1 на овој член, полицискиот службеник може да побара од лицето кое го управува возилото, да ги покаже потребните исправи за увид во истите.

Член 148

Полицискиот службеник нема да му дозволи на возачот да управува со возилото ако утврди дека:

- управува или се обидува да управува со возилото со алкохол во организмот или покажува знаци на алкохолна растроеност, односно дека се наоѓа под дејство на опојни дроги, психотропни супстанции или на други лекови на кои е означено дека не можат да се употребуваат пред и за време на возењето;

- е заморен, болен или очигледно е во таква психофизичка состојба поради која е неспособен безбедно да управува со возилото;

- управува со возилото, а не му е издадена возачка дозвола или истата е издадена за друга категорија возила;

- управува со возилото, а не користи или ги нема при себе помагалата наведени во возачката дозвола и

- кандидатот за возач не ги исполнува условите што се пропишани за кандидатот кој се оспособува за возач на возило на моторен погон.

Полицискиот службеник ќе му дозволи на возачот од став 1 точка 4 на овој член да управува со моторното возило ако на негово барање ги употреби помагалата што ги има при себе.

Одредбите од став 1 алинеи 1 и 4 на овој член се однесуваат и применуваат и на возач - инструктор кој оспособува кандидати за возачи.

Член 149

Се смета дека управува, односно дека се обидува да управува со возило, со алкохол во организмот или со знаци на алкохолна растроеност, односно под дејство на опојни дроги, психотропни супстанции или на други лекови на кои е означено дека не можат да се употребуваат пред и за време на возењето, возач за кого:

- полицискиот службеник според надворешните манифестации и однесувањето со сигурност може да заклучи дека лицето е во состојба на изразено пијанство и

- со помош на соодветни средства или апарати (алкотест, алкоскоп и слично), извршен лекарски преглед, односно извршена анализа на крв или анализа на крв и урина е утврдено дека е под дејство на алкохол, дрога или други психотропни супстанции или лекови.

Ако утврдувањето на присуството на алкохол се врши на начинот од став 1 алинеја 1 на овој член, полицискиот службеник во својот извештај, кога е тоа можно, ќе ги наведе и сведоците кои можат да ги потврдат неговите забележувања или за тоа ќе обезбеди други докази.

Полицискиот службеник го утврдува присуството на алкохол на еден од начините наведени во став 1 алинеја 2 на овој член ако за тоа постојат можности, при што првенствено ги применува оние начини на утврдување кои се најповолни за возачот.

Член 150

Исклучување од сообраќајот на возач во случаите од член 149 став 1 на овој правилник, се врши на еден од следните начини:

- возачот се исклучува од сообраќај, а возилото се задржува додека возачот не најде друго лице - возач кој ќе го одвезе возилото;

- ако возачот се спротивставува на полицискиот службеник, одбива да се подложи на испитување, не сака да го прекине управувањето со возилото, продолжува со вршење на прекршокот или одбива да ги предаде возачките исправи, се превземаат пропишани мерки заради утврдување на неговиот идентитет и се предава на здравствена установа заради утврдување на алкохол во организмот или дејство на дроги или други психотропни супстанции или лекови, а неговото однесување се документира во барањето за поведување на прекршочна постапка со посочување на сведоци и други доказни материјали;

- ако во возилото се наоѓаат малолетни лица, стари или болни лица и во други случаи кога ќе се оцени дека тоа е потребно, се преземаат мерки овие лица да се згрижат и

- доколку во возилото има и друго лице - возач кој не е под дејство на алкохол, може да му се дозволи да го одвезе возилото.

Исклученото возило од став 1 на овој член, се остава на безбедно место каде што е извршена контролата, а клучевите му се даваат на возачот. Меѓутоа, ако е очигледно дека возачот нема да ја почитува наредбата и повторно ќе управува со возилото, истото се сместува на безбедно место (во кругот на објектот на Полицијата, на паркинг или во кругот на друг соодветен објект или слично), клучевите се одземаат, а на возачот му се соопштува кога и каде да се јави за превземање на клучевите и возилото.

Член 151

Возач кој управува со возило, а не му е издадена возачка дозвола или управува со возило од категоријата што не е означена во возачката дозвола, се исклучува од сообраќај, додека не се доведе друго лице - возач за да го преземе возилото.

Возач кој управува со возило и во моментот на контролата кај себе нема возачка дозвола, се исклучува од сообраќај се додека низ соодветна постапка не се утврди дека истата ја поседува.

2. Користење на возило со право на првенство на минување

Член 152

Службените возила на Полицијата (во натамошниот текст: службените возила) се користат со право на првенство на минување во однос на другите возила само кога е потребно итно извршување на определени работни задачи, при што истите се употребуваат со пропишани уреди за давање на светлосни и звучни знаци.

Употребата на светлосните и звучните знаци на службените возила се прекинува со престанување на причините од став 1 на овој член.

Член 153

Светлосни и звучни знаци со кои се бара право на првенство на минување на службеното возило, се даваат истовремено во следните случаи:

- при излегување за вршење на увид;
- при излегување за превземање на мерки и дејствија во случај на сообраќајни незгоди, природни непогоди и други несреќи, сторени потешки кривични дела и прекршоци;
- при непосредно гонење на сторители на казниви дела кои се дале во бегство;
- при пренесување на повредени лица за укажување на итна медицинска помош;
- при обезбедување на возила под придружба и
- во други случаи кога е тоа наредено.

3. Придружба на возила

Член 154

Заради поголема безбедност на учесниците во сообраќајот и заради спречување на сообраќајни незгоди и други несреќи до кои може да дојде во сообраќајот на патиштата, полициските службеници придружуваат:

- возило со кое се превозува личност на која и е доделена придружба;
- возило со кое се врши вонреден превоз;
- возило со кое се превозуваат опасни материи и
- возила на Армијата на Република Македонија.

Придружбата од став 1 на овој член, се врши со службени возила што имаат уреди за давање на светлосни и звучни знаци.

Член 155

Полициските службеници додека вршат придружба ги предупредуваат останатите учесници во сообраќајот за присутноста на возилата од членот 154 став 1 на овој правилник, а по потреба привремено и ги запираат или отстрануваат другите возила од патот, за да се овозможи безбедно минување на возилата под придружба.

Дејствијата од ставот 1 на овој член се вршат со непрекинато давање на пропишани светлосни и звучни знаци со помош на уредите на службените возила со кои се врши придружбата.

Возилата со кои се врши придружбата се движат на погодно растојание пред и позади возилата што се придружуваат.

Член 156

Начинот на придружувањето на возилата од член 154 став 1 алинеја 1 на овој правилник се утврдува заедно со надлежниот државен орган за спроведување на програмата за престојот и движењето на личноста на која и е дадена придружба и со субјектите што се грижат за неговата лична безбедност.

Член 157

Придружба на возило со кое се врши вонреден превоз се дава ако во дозволата за вонреден превоз е определено дека истиот може да се врши само под придружба на Полицијата.

Член 158

Кога со возило на пат се превезуваат експлозивни материи, запаливи течности, гасови или оружје и муниција, се превземаат потребни мерки превозот нормално да се одвива, а во случаи утврдени со закон или по оценка дека е тоа потребно, се определува и придружба на возилото со кое се врши таков превоз. Придружбата се определува во решението за одобрување на превозот или со потребна писмена наредба.

Во случаите од став 1 на овој член, Полицијата го определува патот по кој ќе се движи возилото со кое се врши превозот.

Член 159

Пред отпочнување на придружбата од членот 158 на овој правилник, полициските службеници кои го придружуваат превозот се запознаваат со видот на товарот, ознаките на регистарската таблица на возилото

кое се придружува, местото каде што започнува и завршува придружбата, патните правци-трасата по која може да се движи возилото и местата, односно делниците на кои возилото не може да застанува од безбедносни причини.

Член 160

Полициските службеници може да вршат придружба и кога се превезуваат предмети од вредност (пари, благородни метали, предмети од историска вредност, уметнички дела и слично), доколку за истата има согласност од надлежната организациска единица на Полицијата.

Член 161

За извршената придружба се поднесува писмен извештај и се изготвува трошковник.

Трошковник не се изготвува за дадена придружба од членот 154 став 1 алинеја 1 на овој правилник. – Укинат одлука на уставен суд бр.86/2011

4.Постапување во случај на сообраќајна незгода

Член 162

Полициските службеници без одлагање излегуваат на местото каде е случена сообраќајна незгода ако има загинати или повредени лица, причинета е поголема материјална штета или во незгодата учествуваат странски моторни возила, односно странски државјани или возила на Армијата на Република Македонија.

Во случаите од став 1 на овој член или кога постојат основи за сомневање дека со сообраќајната незгода е извршено кривично дело, полицискиот службеник:

- укажува прва помош на повреденото лице и други мерки неопходни за негово згрижување;
- го обезбедува местото каде е случена сообраќајната незгода, со цел да се спречи настанување на други сообраќајни незгоди и обезбедува услови за

регулирање на сообраќајот на тоа место или истиот го пренасочува;

- презема потребни мерки да се зачува неизменето местото на сообраќајната незгода, како и доказите што ќе се користат во кривичната постапка;

- презема мерки да се пронајде учесникот во сообраќајната незгода, ако истиот побегнал од местото на незгодата;

- презема мерки непотребно да не се попречува одвивањето на сообраќајот;

-во случај на потешки последици од сообраќајната незгода (загинати, повредени лица или причинета поголема материјална штета, како и кога се работи за возила со странска регистрација или возила на дипломатски или конзуларни претставништва), веднаш го известува дежурниот полициски службеник во надлежната организациска единица на Полицијата и

- доколку дошло до прекинување на одвивање на сообраќајот поради оптовареност на патот со хаварисани возила, товар или други предмети, превзема мерки сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото да ги отстрани истите од коловозот веднаш, а во рок од 24 часа и од патот, а доколку истиот не е во состојба тоа да го стори, го известува правното лице надлежно за одржување на патот, односно Царинската управа кога се работи за странско моторно возило.

Член 163

Ако полициискиот службеник се затекне или излезе на местото на сообраќајната незгода во која е направена материјална штета од помала вредност, потребно е на учесниците во незгодата да им овозможи меѓусебно да си разменат лични податоци и да го пополнат Европскиот извештај за сообраќајна незгода, а ако еден од учесниците во незгодата бара, да изврши и увид на лице место.

Член 164

Доколку во сообраќајната незгода има загинати или повредени лица се известуваат семејствата на настраданите, односно дипломатското или конзуларното претставништво во случај кога тоа лице е странец.

Во случајот од став 1 на овој член, за товарот на возилото се известува сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото.

Во случај кога на местото на сообраќајната незгода не е присутно лицето одговорно да се грижи за оштетеното возило, товарот и другите предмети, полицискиот службеник кој излегол или се затекнал на местото на незгодата ќе превземе мерки за заштита на нивната сигурност.

Член 165

Во случај на сообраќајна незгода во која има загинати или повредени лица или е предизвикана поголема материјална штета, а возачот на моторното возило или друго превозно средство избегал од местото на сообраќајната незгода, полицискиот службеник може да примени уреди за присилно запирање на возилото, ако тоа не е можно да се стори на друг начин.

Уред за присилно запирање на возила е средство кое на безбеден начин овозможува контролирано запирање на возилото без да ја загрози безбедноста на возачот и патниците во истото.

Уред за присилно запирање на возила од страна на полициски службеник може да се употреби доколку возачот на возилото кон кое ќе биде употребен уредот за присилно запирање на возилото претходно бил предупреден од страна на полициски службеници за запирање на возилото со знак „СТОП“ даден со полициска палка или со давање на светлосни и звучни сигнали од брендирано полициско возило, при што истиот со своето дејство покажал намера за игнорирање на даденото предупредување.

При употреба на уред за присилно запирање на возила се внимава да не се загрози животот и личната

сигурност и безбедноста на другите учесници во сообраќајот.

Член 166

На возач на оштетено моторното возило со странски регистарски таблици во сообраќајна незгода случена на територијата на Република Македонија и на возач на моторното возило кое со видливо оштетување влегува на територијата на Република Македонија, од страна на полициското службеник се издава потврда за оштетување на возилото, која содржи податоци за: називот на организациската единица која ја издава потврдата; број, датум и место на издавање на потврдата; возачот (име и презиме, адреса на живеалиште или престојувалиште, државјанство и број на патна исправа), вид, марка и регистарски број на возилото и опис на оштетувањето на возилото; вториот учесник во сообраќајната незгода и возилото кое тој го управувал (име и презиме, адреса на живеалиште или престојувалиште, државјанство и број на патна исправа, вид, марка и регистарски број на возилото и осигурителната компанија во која е осигурено возилото); дата, време и место на сообраќајната незгода; надлежен суд; место за забелешка и место за печат и потпис на полициското службеник кој ја издал (Образец бр.36).

За моторното возило со странски регистарски таблици од став 1 на овој член потврда се издава само за оштетувања кои се непосредно утврдени на самото место на незгодата.

За моторното возило со странски регистарски таблици кое со видливо оштетување влегува на територијата на Република Македонија потврдата од став 1 на овој член се издава на самиот граничен премин на кој влегува возилото.

Во случај кога возачот на оштетеното моторно возило при напуштање на територијата на Република Македонија не може да го докаже оштетувањето со потврда, ако постои оправдано сомневање дека тоа возило учествувало во сообраќајна незгода која не е пријавена во Полицијата или го напуштило местото на

сообраќајната незгода пред доаѓање на Полицијата, возилото се задржува за проверка, но не подолго од 12 часа.

Член 167

Полициискиот службеник кој е известен за случена сообраќајна незгода, изготвува службена белешка во која ги внесува следните податоци: лично име и адреса на лицето кое го известило за сообраќајната незгода, време кога известувањето е примено, место каде е случена сообраќајната незгода и време на нејзино случување; дали има повредени лица и каде се наоѓаат тие; како и други потребни податоци.

VIII. КОНТРОЛА НА ДВИЖЕЊЕ И ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИ

Член 168

Полициските службеници вршат контрола на регулираниот и легалниот престој на странци на територијата на Република Македонија, како и на нивното почитување на законите и другите прописи, заради откривање на незаконито постапување за кое може да се поднесе кривична пријава или барање за поведување на прекршочна постапка.

Контролата од став 1 на овој член се врши со проверка на важноста на патната исправа на странецот, одобрението и основот за негов престој, дали влегувањето во Република Македонија е извршно легално на граничен премин и дали има виза доколку таква се бара, дали престојот е уредно пријавен, дали рокот за престој не е пречекорен, дали спрема странскиот државјанин е изречена казна за протерување странец од земјата и дали спрема него се бара преземање на одредени мерки преку ИНТЕРПОЛ.

Член 169

Во случаите кога полициискиот службеник ќе констатира дека странец сторил кривично дело или прекршок, за што е поднесена кривична пријава или

барање за поведување на прекршочна постапка, ќе го спроведе и предаде на надлежниот суд.

Член 170

Полициските службеници вршат увид во книгите за престој кои се водат во хотелите и другите објекти кои даваат услуги за сместување, дали е евидентиран престојот во истите за странци и дали давателите на услуги таквиот престој го пријавиле во Полиција согласно закон.

Член 171

Полициските службеници привремено ќе ја задржат патната исправа, патниот лист или друг патен документ врз основа на кој на странецот му е дозволен влез или престој во Република Македонија, доколку е тоа неопходно да се обезбеди неговото присуство заради водење на кривична или прекршочна постапка, за што на странецот ќе му се издаде потврда, а задржаните документи ќе се предадат на надлежен суд за водење на постапката.

Член 172

Кога странец ќе пријави губење на патна исправа или друга исправа за утврдување на идентитетот, неговиот идентитет ќе се утврди врз основа на други исправи со фотографија кои ги поседува, а воедно се проверуваат и утврдуваат околностите под кои исправата е исчезната, за што се изготвува службена белешка.

Во случаите кога ќе се утврди губење или исчезнување на исправата од ставот 1 на овој член, од страна на полициски службеник се издава потврда за пријавување на загубена или исчезната исправа.

Член 173

Во случај кога врз основа на важечка исправа или на друг пропишан начин не може да се утврди идентитет на странец или основот за негов престој, а нема основи за сомневање дека сторил кривично дело или прекршок и не поседува средства за егзистенција, ќе се спроведе до

граничниот премин и ќе се предаде, односно врати на органите на државата од каде дошол (депортација).

IX. ГРАНИЧНА КОНТРОЛА

1. Вршење на гранична контрола

Член 174

Вршењето на гранична контрола, како и пренесување на оружје и муниција преку државната граница се врши согласно прописите за гранична контрола и оружје.

Член-175 до член 196 се бришат (сл.весник број 110од 17.08.2011 година)

2. Постапување при преземање и предавање на обвинети или осудени лица (екстрадиција)

Член 197

Полициските службеници преземаат или предаваат обвинети или осудени лица (екстрадиција) согласно одредбите на Законот за кривична постапка, прописите за меѓународна правна помош и ратификуваните меѓународни договори.

При преземањето, односно предавањето на обвинетите или осудените лица, полициските службеници примаат, односно доставуваат целосна документација за овие лица и тоа писмено го потврдуваат.

X. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ

Член 198

Обезбедување на личности и објекти претставува превземање на потребни мерки и активности од страна на полициските службеници заради заштита на определени личности и објекти, како и за одржување на јавниот ред и мир и за извршување на други со закон определени обврски на подрачјето на кое се врши обезбедувањето.

Обезбедувањето од став 1 на овој член може да биде редовно, вонредно и посебно.

1. Редовно обезбедување

Член 199

Редовното обезбедување се врши заради постојана заштита на определени личности и објекти.

Член 200

Полицискиот службеник кој врши редовно обезбедување не може да се оддалечи од личноста, односно објектот што го обезбедува, освен во случаите кога:

- треба да спречи извршување на казниво дело или да фати сторител на такво дело во непосредна близина или
- треба да го извести одговорниот полициски службеник за настан кој посериозно ќе го загрози јавниот ред и мир, подрачјето или објектот што се обезбедува, како и за постоење на опасност од природни непогоди и други несреќи.

Во случаите од став 1 на овој член, полицискиот службеник може да се оддалечи од личноста, односно објектот што се обезбедува, само ако со тоа истиот не остане необезбеден.

Член 201

Одговорниот полициски службеник кој го организира редовното обезбедување, изработува план за обезбедување и со истиот ги запознава полициските службеници кои ќе го вршат обезбедувањето и им ги определува конкретните работни задачи, во зависност од местото каде ќе го вршат обезбедување.

Планот од став 1 на овој член, особено, треба да содржи:

- безбедносна проценка за објектот и просторот на кој се врши обезбедувањето;
- бројот на ангажирани лица потребни за вршење на обезбедувањето;
- број на службени кучиња;

- начин на вршење на обезбедувањето;

-поделба на теренот и објектите на кои се врши обезбедувањето на сектори, потсектори и делници со изготвување на скици;

- конкретни задачи на полициските службеници кои го вршат обезбедувањето, посебно за секое место, сектор, потсектор или делница, како и време и начин на запознавање со задачите;

- вооружување и опрема на полициските службеници, сообраќајните средства, средства за врски и други технички и помошни средства;

- начин на регулирање на сообраќајот;

- начин на одржување на врски со одговорните полициски службеници на сектор, како и меѓусебна врска помеѓу секторите, потсекторите, делниците и определени полициски службеници;

- време и начин на доаѓање на полициските службеници на местото на обезбедувањето, а по потреба и план за нивно сместување и исхрана;

- време на почнување и завршување на обезбедувањето;

- начин на соработка со други службени лица кои учествуваат во обезбедувањето или се задолжени со такви обврски и

- други податоци значајни за обезбедувањето.

Член 202

Полициските службеници при редовното обезбедување,вршат примопредавање на работните задачи на местото каде се врши обезбедувањето, откако претходно ќе се јават на одговорниот полициски службеник.

Полицискиот службеник кој ги предава работните задачи го запознава полицискиот службеник кој ги прима истите за настаните и околностите што се од интерес за обезбедување на личноста, односно објектот.

Член 203

При редовното обезбедување, со податоците кои се класифицирани информации, а се однесуваат на

личноста, односно објектот што се обезбедува, како и на лицата кои се вработени или сместени во истиот, полициският службеник постапува согласно прописите за класифицирани информации.

2. Вонредно обезбедување

Член 204

Вонредно обезбедување се организира за време на одржување на:

- паради, поворки, митинзи, протесни собири и други манифестации во кои учествуваат поголем број граѓани;
- народни свеченост, прослави, панаѓури, саеми и други масовни собири;
- масовни спортски приредби, фискултурни слетови и други натпревари и приредби и
- во сите други потребни случаи.

Член 205

Вонредно обезбедување се определува од страна на началникот на Секторот за внатрешни работи на чие подрачје истото ќе се врши, кој определува и одговорен полициски службеник за вршење на обезбедувањето.

Кога вонредното обезбедување се организира на подрачје на два или повеќе Сектори за внатрешни работи, истото се определува од страна на директорот на Бирото за јавна безбедност или од него овластен полициски службеник, кој определува и одговорен полициски службеник за вршење на обезбедувањето.

Во случај кога е потребно, началникот на Секторот за внатрешни работи на чие подрачје се реализира вонредното обезбедување, може да побара помош од надлежната организациска единица во Бирото за јавна безбедност.

Член 206

Одговорниот полициски службеник за вршење на обезбедувањето, изработува план за вонредно обезбедување, што се одобрува од страна на полициският службеник кој го определил обезбедувањето.

Планот за вонредно обезбедување зависи од видот на манифестацијата што се обезбедува, бројот на присутните граѓани, безбедносната состојба, времето на настанот, временските услови, должината на траењето на обезбедувањето и причините поради кои се врши обезбедување.

Планот за вонредно обезбедување ги содржи податоците од член 201 став 2 на овој правилник.

Одговорниот полициски службеник од став 1 на овој член, ги запознава полициските службеници определени за вршење на обезбедувањето со планот за вонредно обезбедување и со нивните конкретни работни задачи, го следи спроведувањето на планот и поднесува извештај за негово реализирање до полицискиот службеник кој го определил обезбедувањето.

3. Посебно обезбедување

Член 207

Посебното обезбедување се организира заради лична безбедност на највисоки претставници на домашни или странски органи и највисоки претставници на меѓународни организации при нивниот престој и движење во Република Македонија.

Член 208

Посебното обезбедување се определува од страна на директорот на Бирото за јавна безбедност или од него овластен полициски службеник, кој формира штаб и изработува план за реализирање на обезбедувањето.

Планот од став 1 овој член ги содржи податоците од член 201 став 2 на овој правилник.

По реализирање на посебното обезбедување, од страна на штабот се поднесува извештај до министерот за внатрешни работи и до директорот на Бирото за јавна безбедност.

Член 209

При посебното обезбедување на личностите од член 207 на овој правилник, полициските службеници вршат:

- обезбедување на нивните домови и привремени резиденции;
- обезбедување на сообраќајници, определени подрачја и објекти за време на движењето на личностите кои се обезбедуваат;
- обезбедување на превозните средства со кои се превезуваат личностите кои се обезбедуваат;
- преглед со службени кучиња на превозни средства со кои се превезуваат личностите кои се обезбедуваат;
- регулирање на сообраќајот и обезбедување на движење на возила под придружба;
- преземање на мерки кон лицата кои поради извесни склоности или душевна состојба можат да ги загрозат личностите кои се обезбедуваат и
- преземање на други мерки и дејствија од интерес за безбедноста на личностите кои се обезбедуваат.

При вршењето на работите од став 1 на овој член, полициските службеници не можат да се оддалечат од местото на обезбедување.

Член 210

Ако вопосебното обезбедување учествуваат и единици на Армијата на Република Македонија или други службени лица, одговорниот полициски службеник кој го организира посебното обезбедување, при неговото планирање и извршување, остварува соработка со нив, непосредно или преку полициски службеници кои тој ќе ги овласти.

XI. ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ПРИ НАСТАНУВАЊЕ НА ПОЖАР

Член 211

Полициските службеници, веднаш по дознавањето за настанат пожар отпочнуваат со организирање и преземање на мерки и активности за:
- одржување на јавниот ред и мир;
- забранување на пристап на неповикани лица и
- обезбедување на местото на настанот.

XII. ДРУГИ РАБОТИ ШТО ГИ ВРШИ ПОЛИЦИЈАТА

1. Контрола на пријавување и одјавување на живеалиште и престојувалиште

Член 212

Контрола на пријавувањето и одјавувањето на живеалиште и престојувалиште, се врши со легитимирање и утврдување дали податоците од личната исправа на граѓанинот се истоветни со фактичката адреса на живеалиштето или пријавеното престојувалиште.

Член 213

Контрола на пријавување и одјавување на живеалиште и престојувалиште се врши врз основа на сигурни индиции или потврдени информации дека определено лице не го има пријавено престојувалиштето или живеалиштето, односно живее или престојува непријавено на друго подрачје, за што се изготвува соодветен службен материјал.

До индиции и информации од став 1 на овој член се доаѓа врз основа на известувања, пријави од граѓани или со непосредно забележување од страна на полициското службеник дека се работи за непријавено живеалиште или престојувалиште, во случаите кога постои законска обврска за такво пријавување.

Член 214

За вршење на контрола на пријавување и одјавување на живеалиште и престојувалиште, се користи и соодветна евиденција, на тој начин што пред да се изврши непосредната контрола ќе се провери во евиденциите дали лицето пријавило живеалиште, односно престојувалиште на адресата која се посочува во известувањето, односно пријавите од граѓаните. Во случај кога од извршените проверки ќе се утврди дека се работи за пријавен или одобрен престој, непосредна контрола нема да се врши.

Заради контрола на престојот на определено лице, се врши увид во книгите за гости кои се водат во

хотелските и други објекти кои даваат услуги на сместување и престој.

Член 215

При вршење на контрола на пријавување на живеалиште и престојувалиште, полицискиот службеник не може да влезе во туѓ дом или просторија, освен ако за тоа има судска одлука.

Член 216

Во случај на постапување на граѓанин спротивно на прописите за пријавување на живеалиште и престојувалиште од страна на полицискиот службеник се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

2. Одземање на оружје

Член 217

На лицето кое употребува оружје на јавно или друго место со што го загрозува животот и личната сигурност на луѓето, како и на лице кое со употреба на оружје ќе го наруши јавниот ред и мир, односно ќе изврши кривично дело, од страна на полицискиот службеник ќе се одземе оружјето, муницијата и дозволата за оружје, на самото место.

Полицискиот службеник ќе одземе оружје и муниција чие набавување, поседување и носење е забрането со закон како и оружје и муниција за кое имателот нема дозвола за оружје.

Член 218

Против лицето на кое оружјето и муницијата му се одземени поради повреда на прописите за оружје, од страна на полицискиот службеник се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

XIII. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Член 219

Односи со јавноста претставуваат известувања на јавноста за прашања од надлежност на Полицијата, како и давање информации, податоци и известувања за прашања од нејзин делокруг на барање на граѓани, државни органи, јавни претпријатија и други правни лица.

Односите со јавноста од став 1 на овој член се остваруваат преку соопштенија, прес- конференции или преку други форми на настапување на овластен работник од министерот за внатрешни работи.

Член 220

Односите со јавноста од член 219 став 1 на овој правилник за прашања од делокругот на Секторот за внатрешни работи ги остварува полициски службеник кој е овластен за остварување комуникација со јавноста.

Член 221

Во односите со јавноста се информира и за сторени кривични дела по вид и начин на извршување, при што не се наведува идентитетот на сторителите, заради заштита на нивните лични податоци, како и заради целите и интересите на постапката и се води грижа за почитување на угледот и честа на жртвите.

XIV. КОРИСТЕЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ СРЕДСТВА, ВОЗИЛА И ДРУГАТА ОПРЕМА

Член 222

Полициските службеници ги користат и чуваат техничките средства, возилата и другата опрема, на начин со кој се обезбедува истите секогаш да бидат во исправна состојба, чисти, да се користат рационално како и да не се злоупотребуваат.

Одговорниот полициски службеник на надлежната организациска единица на Полицијата врши непосреден увид најмалку еднаш во месецот врз состојбата на техничките средства, возилата и другата

опрема и за истото изготвува извештај и презема соодветни мерки во врска со тоа.

XV. НОСЕЊЕ, РАКУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕТО

Член 223

Полициските службеници при вршење на полициските работи носат оружје и друга пропишана опрема.

При вршење на работните задачи полициските службеници го носат оружјето без куршум во цевка.

Пред секое поаѓање и враќање од извршување на полициските работи раководниот полициски службеник или од него овластен полициски службеник врши проверка на оружјето кое полицискиот службеник го носел со себе, на посебно за таа цел определено безбедно место.

Член 224

Пред секое гаѓање се организира обука за ракување со оружјето.

После секое гаѓање и при задолжување со нов вид - тип оружје, организирано се врши чистење на оружјето и запознавање со неговите техничко-тактички карактеристики под непосреден надзор на стручен полициски службеник.

Член 225

За приправниците за полициски службеници се организира посебна обука за запознавање со техничко-тактичките карактеристики на оружјето, негово расклопување и склопување.

Член 226

Формациското оружје се чува во безбедни простории во полициските станици од општа надлежност, а клучот од просторијата се чува кај дежурниот полициски службеник.

Подигање на оружјето се врши во присуство на дежурниот полициски службеник, кој проверува дали подигнатото оружје е истото со кое е задолжен полицискиот службеник и го евидентира времето на подигање и враќање на оружјето.

По исклучок од ставот 1 на овој член формациското оружје може да се чува и во работните простории на посебната единица на Полицијата.

Член 227

Одговорниот полициски службеник на организацискатa единица на Полицијата врши непосреден увид најмалку еднаш во месецот врз состојбата на оружјето, за истото изготвува извештај и во врска со тоа презема соодветни мерки.

XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 228

Обрасците од број 1 до број 36, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 229

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија” бр.12/98 и 15/03).

Член 230

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.